**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јануари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 120-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангел Димитров, Рафет Муминувиќ, Иван Анастасовски, Есад Рахиќ, Весна Борозан, Славица Станковска, Ана Андова, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдулаким Адеми, Теута Арифи и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата .

Бидејќи ова е прва седница во новата година и ни треба време да се видиме и да си честитаме, а и онака се 47 потпишани, значи дојдени, физички немаме кворум, затоа давам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со рабора во 11,32 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

Ги молам пратениците, вкупно сме 60 пратеници во салата, ги молам тие кои се во Клубот да влезат, да го утврдиме дневниот ред, да почнеме со работа, па потоа лична проценка.

(Пратеници влегуваат во салата)

Сега сме 62-63 пратеници, бројам до 61 бидејќи тоа е доволно да констатирам дека на седницава присустуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 118-та и 119-та седница на Собранието ви се доставени односно поделени.

Дали има некој забелешки на записниците? (Нема)

Бидејќи нема констатирам дека записниците од 118-та и 119-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пратеникот Каме Петров предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за огласување именување на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово и Предлогот на одлуката за огласување именување заменици на јавни обвинителит на основните јавни обвинителства во Куманово, Охрид, Скопје и Штип.

Заради рационалност, пратеникот Каме Петров ќе ги образложи двата предлози а гласањето ќе ги извршиме за секој од нив одделно.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја обрзложи итноста на овие точки.

Повелете.

**Каме Петров:** Благодарам.

Почитуван претседателе. До сите пратеници е доставено писмено барање од страна на Јавниот обвинител на Република Македонија за потребата од огласување на носители на функции во повеќе јавни обвинителства во државата. За кои обвинителства станува збор, во писмениот предлог, но и во рамките на предлагањето и утврдувањето на дневниот ред веќе ги спомнавте

Затоа, врз основа на одредбите на Деловникот на Собранието за итната и неодложна потреба предлагам овие предолг-одлуки за огласување на носители на функции во јавните обвинителства да бидат поставени на денешнава седница на Собранието на Република Македонија , со што, според моето мислење ќе ја потврдиме нашата проодност и ефикасност за работите што се однесуваат на правосудните органи во државата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување именување на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 за, нема воздржани, нема против.

Молам службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот)

Во салата се присутни 71 пратеник. Гимолам пратениците да притискаат на копчињата од системот на гласање за да не мораме да се пребројуваме.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување именување заменици на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Куманово, Охрид, Скопје и Штип да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 за, 1 воздржан, нема против. Констатирам дека предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан и Предлог на одлуката за испраќање единици на Армијата на

Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Овие два наслови се исти, па претпоставува дека замеником министер ќе објасни во што е разликата.

Повелете, образложете ја итноста.

**Талат Џафери:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Се работи за две предлог-одлуки за испраќање на единиците на Армијата на Република Македонија во мировна мисија во Авганистан. Едната одлука е за испраќање на офицери и подофицери и Штаб од единиците на АРМ во состав на Штабот на Мултинационалната бригада на Југоисточна Европа.

Ова е новина за нас, од причина , како што знаете, според Одлуката на НАТО во Брисел е прифатен предлогот единицата "СИБРИК" првично со Штабот да земе учество и да ја преземе улогата на Штабната единица во Кабул и со оглед на тоа, со 11 старешини и подофицери Република Македонија прифати даземе учество по предлгот, па со оглед на тоа, имајќи предвид дека до крајот на месецот треба да се упатат луѓето таму, потребно е на оваа седница под итно да се реши за да можеме да ги испочитуваме роковите.

Другата одлука се однесува на редовната смена на составот ИСАФ, по ротација, тоа значи 9-та ротација во овој момент и исто се донесува на редовната смена на единицата што исто така треба да се поткрепи со одлука на Собранието. Составен дел на таа Предлог-одлука е Извештајот за реализација на задачите на ИСАФ-7, имајќи предвид дека ИСАФ-8 е во тек и се враќа дури при крај на месецов што значи составен дел на таа одлука е и Извештајот.

Од таа причина сметаме дека итноста е оправдана и би требало на оваа седница да се расправа и дневниот ред да се дополни. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Џафери.

Моја сугестија е во иднина таа разлика да ја направите во самиот наслов на одлуката. . .

**Талат Џафери:** Се работи за 'СИБРИК'.

**Љупчо Јордановски:** Знам, но кога читате, обично читате наслов, па ако ве заинтересира насловот, го читате текстот натаму. Да знаете за што се работи.

Поради рационалноста, ќе гласаме одвоено, образложението е дадено и за двете одлуки, а ќе гласаме поединешно.

Предлогот на Владата на Република Македонија Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање, незнам која одлука е дали за офицерите или за редовните, но сепак го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 67 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата на Република Македонија Предлогот на одлуката за испаќање на единици на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан да асе разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

67 пратеници гласале, 67 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија побара Собранието да го одложи претресувањето на Предлогот на закон за стечај а тој да биде разгледан на првата наредна седница на Собранието.

Побара формално, а деловнички тоа значи дека го повлекува зкаонот, бидејќи само така може деловнички и ќе биде ставен на следната седница на Собранието.

Пратеникот Марјан Ѓорчев предлага на оваа седница да се разгледа Информацијата за неодржливата економска и социјална положба на тутунопроизводителите при откуп на тутунот од реколтата 2005 година.

Информацијата ви е поделена.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да ја образложи итноста Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Повелете господине Марјан Ѓорчев имате зобр.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господо пратеници,

Согласно член 66 и 197 од Деловникот на Собранието, предлага Информацијата за неодржливата економска и социјална состојба на тутунопроизводителите при откупот на тутунот од реколтата 2005 година да се стави на дневенред односно дневниот ред да биде дополнет со неа, затоа што итноста е многу едноставно да се образложи.

Тутунот се откупува сега. Ако не расправаме во јануари месец за оваа Информација, нема кога да расправаме. Откупот на тутун ќе заврши на 15 февруари и потоа расправата по оваа точка ќе биде безпредметна.

Сосема накратко, очигоедно е дека и . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев не водете материјална расправа, само образложете ја итноста. Ќе ве молам, еве три минту, можете да ја образложите итноста, затоа што ако ова, сосема на кратко, може да биде и 10 минути и тоа е веќе материјална расправа. Деловнички, само се образложува итноста.

**Марјан Ѓорчев:** Ќе се придржувам до тие три минути господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Факт е дека во услови кога во најголем дел откупните претпријатија во Република Македонија, што не се приватизирани, се во состојба на постапка пред стечај, во состојба на постапка пред ликвидација, во неможност да обезбедат кредитна конструкција за откуп на тутунот од македонските тутунопроизводители, севкупниот откуп на тутун се организира од неколку претпријатија што претставуваат приватен монопол и ги диктираат цените на тутунот при откуп на тутунот-реколта од 2005 година.

Во моментов во Република Македонија откупуваат тутун само две претпријатија: тоа се Дајмонд Михалидис и бидејќи Законот за тутун се прекршува не во една одредба, туку во многу одредби, како во делот на ценењето на квалитететот на тутунот, уцената на тутунопроизводителите во потпишување на договори за откуп на тутун да не бидат застапени бранители односно остручени ценачи на тутун од Здружението на тутунопроизводителите, туку цената се определува директно помеѓу тој кој го предава тутунот како тутунопроизводител и откупната организација, очигледа е злоупотребата на одредбите од Закнот за тутун. Тој Закон за тутун се прекршува и оттаму се наметнува како императив интервенцијата на државата.

Во услови кога македонските тутуноптоизводители се уценети, во услови кога нема гарантирана цена по колограм тутун и во услови кога се кршат нормите за квалитет по калси на тутун, мора Министерството за земјоделство, шуварство и водостопанство, преку Државниот инспекторат во нивни состав да интервенира, да прати бранители на теренот, да ја констатира состојбата и во услови кога ќе констатира дека Законот за тутун се прекршува на оние претпријатија што откупуваат да им се одземе лиценцата. Така е во Законот за тутун.

Од тие причини, Парламентот на Република Македонија, со оваа Информација и заклучоците што се во неа ги задолжува министерствата, пред се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи согласно тие заклучоци и да организира навремено и квалитетно откупување на тутунот и ценење на калсирте и квалитетот на тутунот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Предлогот на пратеникот Марјан Ѓорчев Информацијата да биде разгледана на оваа седница го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 24 за, 6 воздржани, 33 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Марјан Ѓорчев не е усвоен.

Според тоа, за деншнава седница го предлага следниов дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан;

2. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан;

3. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

4.Предлог за разрешување на судии на Апелациониот суд во Битлоа;

5.Предлози за разрешување на судии на основните судови во Битола, Охрид и Скопје 1-Скопје;

6. Предлог на одлука за огласување именување на заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово;

7. Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства во Куманово, Охдир, Скопје и Штип;

8.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Хецеговина за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, Предлог на закон;

9.Предлог за донеусвање на закон за ратификација на Првиремениот Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и УНМИК со Предлог на закон;

10.Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдава за взаемна помош во царинските работи, со Предлог на закон;

11.Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за повремен меѓународен превоз на патници со автобус ("ИНТЕРБУС-спогодба"), со Предлог на закон;

12.Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за размена и взаема заштита на класифицирани информации, со Предлог на закон;

13.Предлог за донесување на закон за ратификација Конвенцијата за нуклеарна безбедност, со Предлог на закон;

14.Предлог за донесување на Изборниот законик;

15.Предлог на закон за слободен пристап до информации од јавен карактер;

16.Предлог на закон за Академија за обука на судии и јавни обвинители;

17.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорете за заеми по проектот за ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата, CWE (China International Water & Elektric Corp.) со Предлог на закон;

18.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Закнот за

гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународната банка за обнова и развој со Предлог на закон;

19.Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП Електростопанство на Македонија за реализација на Проектот за сектор енергетика, со Предлог на закон;

20.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платниот промет со Предлог на закон;

21.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг, со Предлог на закон;

22. Предлог на закон за даночна постапка;

23. Предлог на стратегија за управување со јавен долг за период од 2006 до 2008 година;

24.Предлог за донесување на зкон за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија , со Предлог на закон;

25.Предлог за донесување на закон за енергетика;

26.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост, со Предлог на закон;

27.Предлог за донесување на закон за градежни производи, со Предлог на закон;

28.Нацрт на просторен план на регионот на сливот на река Треска;

29.Барање за давање автентично толкување на член 96 од Закнот за локалната самоуправа, поднесено од градоначалникот на општина Штип;

30.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија , со Предлог на закон;

31.Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик, со Предлог на закон;

32.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред односно по член 66 да се дополни или нешто да се исфрли?

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, јас би предложил точката 32 која ја ставивте последна на денешниот дневен ред - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за преобразба на Електростопанството на Македонија Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, со Предлог на закон да биде или пред точките кои се однесуваат...

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски да се разјасниме, ќе ни истече мандатот, требаше до сега да научите дека сега зборуваме за дополнување односно за тргање на точки...

**Спиро Мавровски:** Јас слушнав дека е усвоен дневниот ред, добро, се извинувам.

**Љупчо Јордановски:** Откако ќе го усвоиме дневниот ред, тогаш ќе побарам дали има предлози за изменување на редоследот.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 65 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред, а за редоследот повелете господине Мавровски обраснете го сега вашето барање или предлог.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, јас веќе го искажав она што мислев, значи, овој Предлог за донесување на закон за преобразба, бидејќи се однесува на моменталната ситуација, се однесува на продажбата на ЕСМ - Дистрибуција, мислам дека треба да биде заедно со Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција каде е ХЕЦ "Козјак", тука е Проектот за подобрување на енергетскиот систем, па Европска банка, уште еден закон за гаранција, па дали да биде пред овие точки, значи би била точка 16 или после нив како точка 20.

Предлагам да биде пред нив, можеби е подобро за да можеме после тоа да разјасниме што со заемите и кредитите кои ќе се префрлат на единките и акционерските друштва. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Да го дефинирам предлогот, точката 32 господинот Мавровски предлага да биде точка 17 односно после Предлогот на закон за Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Значи, точката 32 да биде точка 17 и се друго да се помести за една бројка подолу.

Предлогот на господинот Мавровски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника од кои 17 за, 3 воздржани, 44 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има друг сличен предлог околу редоследот? (нема)

Бидејќи нема, констатирам дека прочитаниот дневен ред и усвоениот дневен ред во сите сегменти на редоследот и содржината е тој.

Дополнително ќе ви биде поделен во текот на расправата на оваа седница.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на**

**Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не побарал збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 66 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката број 1.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 65 за, нема воздржани, нама против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката број 2.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Борис Николовски да биде разрешен од функцијата судија во Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Борис Николовски е разрешен од функцијата судија во Врховниот суд на Република Македонија, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за разрешување на судии на Апелациониот суд во Битола.**

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Бранко Цонкински да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Бранко Цонкински да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Бранко Цонкински е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Олга Бошеска да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Олга Бошеска да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 присутни гласале 52 пратеника, 51 гласале за, нама воздржани, 1 против.

Констатирам дека Олга Бошеска е разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Томе Сарџоски да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Томе Сарџоски да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Томе Сарџоски е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Минуваме на точката 5 - Предлози на разрешување на судии на Основните судови во Битола, Охрид и Скопје 1 - Скопје**

Предлозите за разрешување ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Симеон Шопов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Симеон Шопов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Симеон Шопов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Битола, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Вера Јовева да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Охрид.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Вера Јовева да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеника, 50 за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат бројот, сепак е голема разликата до 61, тоа се 11 пратеника.

(службите ги пребројуваат пратениците.)

Во салата беа присутни, гласаа или не гласаа или воздржани, како сакате, 72 пратеника.

Констатирам дека Вера Јовева е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Охрид поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Томислав Маноски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Охрид.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Томислав Маноски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 72 присутни гласале 53 пратеника, 53 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Томислав Маноски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Охрид поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Зорица Илиовска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1- Скопје.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зорица Илиовска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 72, гласале 56 пратеника, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Зорица Илиовска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Снежанка Митревска Донева да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Снежанка Митревска Донева да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 72, гласале 57 пратеника, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Снежанка Митревска Донева е разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје по лично барање.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за огласување именување на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово.**

Предлогот на одлуката ви е доставен,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збро?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 72 пратеника, 57 гласале, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства во Куманово, Скопје и Штип**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 74 присутни пратеници, 55 гласале, 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени оносно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓанските и кривичните предмети.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 62 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресто по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 65 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Привремениот Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и УНМИК, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Привреминиот Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и УНМИК.

Ве повикувам да гласаме за овој заклучок.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа сединица да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 64 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Привремениот Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и УНМИК.

**Минуваме на точката 10-Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за взаемна помош во царинските работи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за взаемна помош во царинските работи.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 72 пратеника гласале 59, 59 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 72 пратеника гласале 60, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдава за взаемна помош во царинските работи.

**Минуваме на точката 11-Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за повремен меѓународен превоз на патници со автобус ("ИНТЕРБУС-спогодба"), со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за повремен меѓународен превоз на патници со автобус ("ИНТЕРБУС-спогодба")

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници гласале 59, 59 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 67 пратеници 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за повремен меѓународен превоз на патници со автобус ("ИНТЕРБУС-спогодба").

**Минуваме на точката 12-Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници 58 пратеници гласале, 58 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

**Минуваме на точката 13-Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за нуклеарна безбедност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за нуклеарна безбедност.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 73 пратеници гласале 56, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници,  64 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен лпредлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека  нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот н законот го ставам на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 74 пратеници гласале 60, 60 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за нуклеарна безбедност.

**Минуваме на точката 14-Предлог за донесување на  Изборен законик.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Има збор Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитувани пратеници,

Јa имам честа и задоволството што во својство на министер за правда можам да ви се обратам по повод собраниската процедура за донесување на Изборниот законик на Република Македонија. Во моето излагање накратко ќе се осврнам на значењето на овој процес на подготовка и спроведување на ново изборно законодавство, а ќе се обидам да ви ги доближам и основните промени кои во доставените верзии на Изборниот законик беа подготвени во Министерството за правда и во Владата.

Донесување на Изборен законик исклучително значаен проект чиј носител е Министерството за правда. Успешноста на овој проект, а особено неговата понатамошна примена при спроведувањето на изборите во голема мера ќе го детерминира и понатамошниот наш пат кон Европа, па со самото тоа донесувањето на законот и спроведувањето на новото изборно законодавство претставува приоритет на Владата на Република Македонија.

Дозволете ми да направам јасна дистинкција со оглед на важноста на изборното законодавство. Тоа не е проект само на Владата односно на Министерството за правда. Тоа е национален проект чија успешна реализација е од огромно значење за целата држава, за демократијата во нашето општество. Во овој контекст сакам да ја изразам силната политичка волја и цврстата определба на Владата и владејачката коалиција за спроведување на фер и демократски избори.

Политичките сигнали кои ни беа испратени во изминатиот период, од страна на нашите партнери, во процесот на евроинтеграција, јасно ни ставија до знаење дека за да продолжиме по патот по кој тргнавме, со стекнувањето статус кандидат на земјата за членство во Европската унија, императивно мора да ги оставиме зад себе нерегуларностите и инцидентите при спроведување на изборите. Во оваа прилика не би сакала повеќе да се осврнувам од потребата од одржување на добро организирани фер и демократски избори. Само ќе заклучам дека сум убедена дека тоа им е јасно како на политичките елити, така и на граѓаните на Република Македонија кои веќе се заморени од проблематизирање на изборите и изборните резултати, а со тоа и на политичкиот легитимитет и легитимност на избраните власти.

Дозволете ми да се сконцентрирам на конкретните решенија, ефекти и цели кои би се постигнале со донесувањето на Изборниот законик.

Како што е споменато во самото образложение, со Изборниот законик се врши кодификација на изборната материја која во моментот е регулирана со повеќе закони: Законот за избор на пратеници во Собранието, Законот за локални избори и Законот за избор на претседател.

Со ваквото регулирање на изборното законодавство би се овозможила негова прегледност, усогласеност, како и прецизност во водењето на различните изборни постапки. Но, истовремено ваквата кодификација на изборното законодавство претставува можност и за спроведување на значајни промени и реформи во изборниот процес, преку кои би се внеле најдобрите споредбени пракси  и регулативи. Со тоа би се овозможило практична реализација на изборите во Република Македонија да се спроведе согласно највисоките меѓународни стандарди, со што во најголема можна мера би се елиминирале сомневањата за процесот на остварување и реализација на изборите, во смисла на регуларности и изборни фалсификати.

Освен самата кодификација на изборното законодавство, во поглед на конкретните измени кои би требало реално да  придонесат за подобрување на изборните процеси, би се осврнала на неколку моменти кои, иако регулирани на еден или на друг начин во оваа првична верзија на Изборниот законик, се уште се

предмет на дискусија. Со оглед на тоа дека по овие прашања се можни различни пристапи, ставовите на Министерството за правда и Владата се крајно флексибилни, бидејќи целта е да се дојде до поквалитетни и општо прифатливи решенија кои на изборниот процес би му го дале потребниот легитимитет и демократичност.

Во овој контекст, како проблематизирано прашање на кое и понатаму во текот на создавањето на новото изборно законодавство би требало да се работи, се појавува составувањето на изборните органи. Изборите досега беа спроведување од лица кои беа именувани од страна на партиите кои учествуваат на изборите. Оваа пракса покажа дека воспоставената изборна администрација е предмет на политички притисоци што пак резултира со зголемени проблеми поврзани со политизација на изборниот процес и намален легитимитет на самиот процес. Со измените кои Министерството за правда ќе настојува да ги имплементира со донесување на новиот Изборен законик, се предвидува професионализација на изборниот процес преку инволвирање во избирачките одбори на правници кои се државни службеници и вработени во јавната администрација. Истовремено и во изборот на членовите на Државната изборна комисија, потребно е да се изнајде начин кој ќе ја гарантира нејзината објективност и професионалност, а не партиска послушност и директива. Но, сепак треба да се има предвид дека клучот на успехот на изборите е професионалноста во однесувањето на оние кои ги спроведуваат изборните дејствија на терен. Токму затоа во оваа верзија на Изборниот законик има одредби кои забрануваат лица кои биле дел од нерегуларни избори подоцна повторно да бидат дел од изборната администрација. На таков начин би се овозможило мал број, условно кажано, проблематични лица да бидат отстранети од изборните процеси и да бидат оневозможени, со нивното однесување да го нарушат демократскиот имиџ на целата држава.

Би се надоврзала и на зголемената улога која се предвидува за Министерството за внатрешни работи кое со своите механизми на дејствување би имало засилени права и одговорности за спроведување на мирни и безбедни избори на кои граѓаните ќе имаат можност слободно да ја изразат својата волја. Полицијата ќе биде поприсутна со можности превентивно да интервенира на самите избирачки места, како и да го проследува изборниот материјал од пониските до повисоките изборни органи.

Засилената контрола на изборниот материјал се однесува и на новиот начин на водење на избирачкиот список при што се предвидува означување на името на избирачите кои се на работа и престој во странство и кои не се наоѓаат во Република Македонија, одбележување на соодветен начин за да имаме точна евиденција кои се лицата кои имаат право на глас а се надвор од државата. Со оглед на досегашните искуства за злоупотреба на гласовите на иселениците, можеби повеќе и со дискусии за можни злоупотреби, одредбата за нивно соодветно одбележување во избирачкиот список, би помогнала за отстранување на таквиот недостаток и елиминирање на манипулациите со гласачкото право на оваа категорија на граѓани.

Конечно сите промени кои би ги направиле во законската материја, не би го имале потребниот ефект доколку не постојат механизми кои би им стоеле на располагање на надлежните институции за спроведување на изборите. Тука пред се мислам на државната изборна комисија која со новите одредби би имала зајакната улога преку можноста да ги посетува избирачките места и да врши увид и контрола таму каде се сомнева дека настанале или пак може да настанат проблеми во спроведување на изборните дејствија. Сето тоа да има ефект, покрај засилените ингеренции на надлежните државни органи, неопходно е и построга казнена политика за прекршувачите на изборниот процес и целосно функционирање на правната држава. Затоа Изборниот законик предвидува построги казни за нарушување на изборите кои, убедена сум дека со оглед на вистината ќе делуваат превентивно на оние кои би можеле да бидат во искушение да предизвикаат или да учествуваат во одредени изборни нерегуларности. Кога зборуваме за казнувањето, би го спомнала и Кривичниот законик каде се предвидени кривични дела против избори и гласање и во оваа фаза додека трае постапката за подготвување на Изборен законик, во Министерството за правда ги разгледуваме можностите за интервенции во Кривичниот законик за можни зголемувања на казните, со цел да се влијае превентивно на планот на генерална превенција, значи за спречување на дејствија кои би значеле нарушување на процесот на избори.

Дозволете ми уште еднаш да ја потенцирам и силната политичка определба на Владата што пак е и наша уставна и законска обврска за нулта толеранција кон било какви изборни нерегуларности.

Претходно наведените измени кои би требало да се воведат со новиот Изборен законик се оние кои во интерес на времето и ефикасното работење на Собранието, ги издвоив ако најзначајни за подобрување на изборниот процес. Сепак, покрај овие можни се и други суштински измени за кои во натамошниот тек на расправата по Изборниот законик, би можеле да се согласиме дека се потребни или подобри во однос на досегашните одредби на постојните закони.

Изборниот законик е исклучително комплексна и опсежна материја за која има многу да се дискутира. Затоа апелирам до политичките партии како и до целата јавност во Република Македонија, во наредниот период активно да се вклучат во процесот на донесување на Изборниот законик и во процесот на негова имплементација.

Министерството за правда, како и досега останува отворено за соработка и сугестии. Тука би сакала да ја истакнам соработката со меѓународните

организации, со ОБСЕ, но најповеќе и со невладината организација МОСТ, како и со Институтот отворено општество, Фондацијата СОРОС во Македонија, за техничка помош, како и за помошта во човечки ресурси кои му ја пружаат на Министерстовото за правда. Освен благодарноста кон овие институции, дозволете ми да ја искажам и мојата желба соработката да продолжи и понатаму, согласно со генералната определба на Владата, да врши партнерски однос со невладиниот сектор, секако во интерес на граѓаните на нашата држава. Тука значајно место, можеби најзначајно е соработката на сите политички партии и постигнувањето на консензус за изменување на Изборниот законик. Тоа е во интерес на нашата држава и во интерес на граѓаните.

На крајот дозволете ми да го изразам моето лично уверување дека новото изборно законодавство ќе даде силна основа за добро спроведување на изборите. Сепак, треба да се има на ум дека законите сами по себе нема да значат ништо доколку недостасува доволно високо ниво на правна и политичка култура за нивно правилно спроведување. Знаејќи дека Македонија има капацитет за спроведување на добри избори, искрено се надевам дека така ќе биде и во иднина, а дека нерегуларностите ќе останат во минатото, пред се поради тоа што овие процеси би биле на штета на нашите граѓани. Само фер и демократски избори може да значат пат кон Европа и јакнење на принципот на владеење на правото.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо министер. Процедурално пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе,

Со оглед на значењето за идниот развој на демократијата на Изборниот законик како и за приближувањето на Република Македонија кон Европската унија, барам пауза до 14 часот во името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија, а во меѓувреме да ни бидат поделени стенографските белешки.

**Слободан Најдовски:** Стенографските белешки штом бидат изработени ќе бидат поделени.

Пауза од еден час.

Продолжуваме во 13,35 часот.

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Ќе работиме до 14 часот, а во 14 часот ќе имаме пауза за ручек.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Почитуван господине Најдовски, почитувана министерке за правда, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека ова што го правиме денес претставува еден значаен дел од она што севкупно треба да се оствари од страна на Република Македонија во текот на 2006 година, а тоа е реализација на фер, демикратски и слободни избори, кои што ќе значат навистина реален израз на волјата на гласачкото тело на граѓаните на Република Македонија во контекст на давањето на доверба на субјектите кои што се учесници во изборниот процес во контекст на она што треба да претставува реализација на изборните програми, со кои што тие ќе се претстават на идните овогодишни парламентарни избори.

Досега прашањето на регулирањето на спроведувањето на изборите во Република Македонија беше решено со неколку закони, од кои што посебно треба да се истакнат Законот за локалните избори, Законот за изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија. Потоа, Законот за избор на претседател на Република Македонија, Закон за избирачки места, Законот за изборните единици и Законот за избирачкиот список. Сите овие закони денес ни се предлагаат на ова Собрание во прва фаза, со Предлог за донесување на Изборен законик кој што треба да претставува кодификација на решенијата и на уредувањето на оваа материја која што е во сите овие шест закони кои што ги набројав претходно.

Значи, имаме една многу сериозна задача, сложена задача која што треба да се реализира во поглед на дефинирањето на целосната легислатива, во поглед на изборната легислатива во Република Македонија.

Кои се целите кои што треба да бидат остварени со кодификувањето, со донесувањето на еден ваков законик.

Прво, претставува, она што го спомнав и претходно, кодификација на изборното законодавство, наместо досегашните шест закони.

Второ, имплементација на препораките на ОДИХР за отстранување на забележаните слабости во изборната регулатива во текот на претседателските, а особено оние кои се забележани во текот на претседателските, а особено во текот на локалните избори во 2005 година.

Потоа, да се олесни примената на изборните закони и да се поедностави работата на изборните органи, подносителите на листи, како и на сите други субјекти кои имаат интерес во однос на изборниот процес.

Покрај квалитетни правила кои што треба да бидат утврдени со овој законик, за реализација на основната и крајна цел, слободни, фер и демократски избори, треба вистинска политичка волја на политичките партии и на сите учесници во изборниот процес, особено на владеачките политички партии кои што имаат директна одговорност за спроведување на овие избори. Меѓутоа, тоа не ја исклучува одговорноста на сите учесници во изборниот процес, што треба да придонесе за реализација на фер, демократски и слободни избори.

Овде треба да се истакне и неопходноста од регирозни санкции за сторителите на кривични дела и прекршоци кои што се поврзани со изборите.

Меѓутоа, да преминеме на самиот Изборен законик. Најнапред за она што се покажа политички најспорно, иако не се согласувам со тоа дека треба да се третира на таков начин на каков што се третираше, а тоа е составот на изборните органи. Ние зборувавме за самиот состав, меѓутоа, многу малку се зборуваше за целите кои што треба да се постигнат преку изборот на овие органи, преку составот на тие изборни органи и преку целината на нивните обврски и одговорности кои што треба да произлезат од законските решенија.

Значи, изборните органи од избирачките одбори преку општинските и регионалните изборни комисии, па се до ДИК треба да претставуваат судија, арбитер во изборниот процес. Нивната позиција не треба да биде доведена во прашање од ниту еден учесник во изборниот процес. За да можат да ја остварат оваа улога, мора да биде исполнет основниот услов, а тоа е сите подносители на листи треба да имаат доверба во изборните органи. Значи, јас не знам зошто се отвора темата дека некои треба да имаат поголема доверба, а некои не мора да имаат доверба, дека некои имале свои аргументи, а некои други немале доволно аргументи, но во суштина се заборава една работа. Ако сите учесници во изборниот процес немаат доверба во изборните органи, ние не сме ја оствариле целта. Тоа е факт. И, не може никој да биде сигурен дека на ваков начин на кој се отвора таа дилемка дека со договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ ќе се утврди дали учесници ќе бидат едни или други политички партии, ќе се обезбедат фер и демократски избори. Навистина, нелогично прашање, кое што не треба да се поставува на таков начин.

Меѓутоа, овде се поставува едно друго прашање, како да се обезбеди довербата во изборните органи. Значи, како да се изнајдат личности кои ќе членуваат во изборните органи и кои ќе уживаат углед и авторитет и кај позицијата и кај опозицијата. Дали тоа треба да бидат лица кои ќе бидат членови во изборните органи и при парламентарни и при претседателски и при локални избори или членовите ќе треба да се бираат и обучуваат за секој изборен циклус посебно. Дали членовите на изборните органи ќе имаат мандат, кој ќе им овозможи стручно, компетентно и континуирано спроведување на сите видови избори. Кој е правецот во кој што треба да се движи Република Македонија во однос на професионализацијата на изборните органи. Дали ќе ги почне првите чекори кон професионален состав на изборните органи. Дали ќе се приклучи кон тенденцијата за професионализација на изборните органи, која е присутна во најголем дел од европските демократски држави. Ако одговорот на овие прашања е да, кој што го слушаме од сите страни, тогаш следи прашањето кога. Од кога Република Македонија има намера да започне со професионализација на изборните органи. Или, зошто Република Македонија да не отпочне со професионализација на изборните органи со овие избори. До кога само декларативно ќе се истакнуваат заложби за надминување на партизираноста на изборните, па и другите органи, а кога ќе треба да се направи чекор кон нивна професионализација, истата таа партизираност се вели дека претставува неопходност.

Партизираноста на изборните органи би била неопходна, заради партизираноста на јавната администрација. Навистина, многу нелогичен аргумент. Но, исто така, според изјавите на некои, била неопходна и професионализација на изборните органи, ама не сега. Кога? Никој не дава одговор.

Понатаму, професионализацијата не требало да се направи со луѓе од сегашната администрација, туку од други луѓе. А, кои се тие други луѓе, кои ќе треба да пополнат близу три илјади избирачки места, 80 избирачки одбори, 85 општински, 6 регионални комисии и ДИК. Од каде тие би се регрутирале.

Од друга страна се зборуваше аргументот, да, ние сме за учество на судиите во изборните органи, тие не се партизирани, може по пат на ждрепка да се трефне и некој наш, меѓутоа државната администрација е партизирана и не сме за нејзино учество во изборните органи. Значи, ако одиме кон почитување на одредени принципи, а тоа е целосно да се исклучи било какво влијание на државната администрација и судиите, единствен начин е чисти претставници на политичките партии, кои што се целосно партизирани.

Која е алтернативата? Единствена алтернатива е државната и јавната администрација. Нема во Република Македонија друг кадровски состав кој што може да ги пополни сите овие места кои што треба да бидат членови на избирачките одбори, општинските, регионалните и ДИК. Не постои.

Од друга страна имавме уставни измени кои што се однесуваа на потребата од реформи во судството. Тогаш, истите тие луѓе кои денес предлагаат судиите како независни да бидат членови на ДИК и на другите изборни органи, ја оценуваа нивната позиција како политизирана, како под директно влијание на политичките партии, што беше и основен предуслов за оценката дека изборот на судиите е правен на политички начин и поради тоа ние мора да пристапиме кон реформи кон Уставот со уставни амандмани во оваа насока.

Ако е така еднаш кажано, а сега се вели судиите со ждрепка нема да бидат партиски, туку ќе бидат независни судии, тогаш јас не ја гледам доследноста на тие кои вадат такви аргументи пред јавноста. Значи, не може да се прави никаква разлика во однос на политизираноста. Политизирано е целото општество и тоа е факт. Меѓутоа, ние мора да тргнеме еден чекор напред

и да најдеме начин како тие политизирани личности да не бидат вклучени на начин кој што ќе обезбеди нивна политичка заштита, туку да зависи нивниот ангажман од последиците кои што ќе ги трпат, доколку не ги почитуваат законите кои што се однесуваат на изборните дејствија. Тоа значи дека оние кои ќе бидат, ако бидат, од државната и јавната администрација, се директно заинтересирани да не ги кршат тие правила. Затоа што, нивното учество би било целосно условено со санкции, кои што треба да ги имаат доколку учествуваат во изборните органи. Тие санкции ќе значат како крајна санкција и губење на работното место, фактички, губење на егзистенцијата на тие лица. Нема таков човек кој за да ја изгуби својата плата, својот леб, ќе направи фалсификат на избирачкото место под директива на било кој член, независно од која политичка партија или независно од кој учесник во изборите тоа го има добиено.

Значи, ние сметаме дека гаранција за почитување на изборните закони е државната и јавната администрација како основен аргумент да го имаат зачувувањето на своето работно место и санкциите кои што ќе произлезат по нив во случај на прекршување на изборните правила.

Од друга страна, кога зборуваме за судиите се поставува прашањето пред кого одговараат судиите како членови на изборните органи. Тие одговараат пред Собранието како избрани судии. Меѓутоа, како членови на ДИК, каде што имаше еден предлог, тие треба исто така да одговараат пред ова Собрание, бидејќи тоа ги именува членовите на ДИК. Дали тие би можеле на два различни начини еден ист човек да одговара пред ова Собрание. Еднаш како член на ДИК, а уште еднаш како судија и дали ако членот на ДИК судија на Врховниот суд ги повреди изборните правила, тоа автоматски ќе значи негово разрешување од судиската функција. На овие прашања никој не дава одговор. Ние само зборуваме, сакаме вака да биде, или сакаме онака да биде, но никој не навлегува во последиците од тие решенија. Дајте да ја видиме целината на работите.

Понатаму, за време на одржувањето на изборната кампања, сакам малку да го раззработам овој наш предлог кој што се однесуваше за еден целосен крупен чекор кон целосна професионализација на изборните органи со избор на членовите на изборните органи од редовите на државната и јавната администрација. Што тоа би значело и на кој начин можат да се демантираат сите оние стравувања кои што произлегуваат дека партизираноста на јавната администрација може да предизвика не фер, недемократски или прв проблем во спроведувањето на парламентарните избори во 2006 година.

Првото прашање е на кој начин законски да се регулира ова прашање и со кои решенија. Мојот предлог е доколку се прифати учеството на државната и јавната администрација ќе биде неопхдоно за време на траењето на изборите, тие да не одговараат на непосредниот раководител, туку да одговараат на изборните комисии, кои што се хиерархиски над нив. Значи, членовите на избирачките одбори да одговараат пред општинската, регионалната и ДИК, а не пред оној на кого што во институцијата, оној раководител во институцијата во која што тие се вработени. На тој начин ќе се ослободат од работните обврски, ќе се ослободат од директното влијание на лицата кои што му се раководители односно хиерархиски надредени и ќе се посветат целосно на реализација на изборниот процес и на задачите кои што произлегуваата од изборните закони, а кои што им се доделени на избирачките одбори и другите изборни органи.

Второ, главен орган, главен изборен орган кон кого што треба да бидат одговорни сите изборни органи, тоа е ДИК. И, самата поставеност на ДИК во овој предлог за донесување на закон има таква сила или таква позиција. Тоа значи, тоа значи дека таа има и надзорна функција, контролна функција, можност за разрешување на членови на пониски органи, можност за укинување на акти на субординираните изборни тела, како и директна можност да преземат дејствија и да носи акти кои ќе значат подобрување на изборниот процес. Од друга страна, таа одлучува за секој приговор, за секоја повреда на гласањето во било кое избирачко место на територијата на Република Македонија врз основа на целокупниот изборен материјал. Тоа значи дека не може на овој начин да се овозможи злоупотреба во текот на изборната кампања и на самиот чин на гласање од страна на членовите на избирачкиот одбор, бидејќи учесниците во изборите имаат право на приговор кој што треба понатаму да биде предмет на постапување од страна на ДИК. Тој приговор, дефинитивно може да биде разгледуван и оценуван и одлуката да биде донесена согласно другите одредби во овој закон, кои значат, прво, доколку постои едно ливче повеќе од бројот на гласачи кои излегле на гласање, гласањето во тоа избирачко место се поништува. Значи, облигаторно, задолжително.

Понатаму, доколку се наруши тајноста на гласањето, исто така, се поништува гласањето на избирачкото место, а повторувањето на гласањето во изборната единица, нема да зависи од секое избирачко место поединечно, туку од поништените гласови во вкупниот број гласачи, кои се запишани во изводите од избирачкиот список на сите избирачки места кај кои што е поништено гласањето.

Значи, увидот во целокупниот изборен материјал постои врз основа на приговорите кои што можат да ги поднесуваат учесниците во изборите. Друг доказен материјал, значи изјави на сведоци и сите оние други доказни материјали за кои се знае кои средства претставуваат можност пред ДИК да се докажуваат повреди на изборните закони и на овој начин ние дефинитивно сметаме, се гарантира еден повисок степен на заштита на избирачкото право на граѓаните на Република Македонија, а истовремено се гарантира и спроведувањето на изборите на начин кој што

нема да предизвика последици за било кој учесник во изборите.

Секако, сите овие прашања, кои што ги кажувам во однос на санкционирање на членовите на изборните органи, ќе значат и потреба од измена и на други закони кои што треба да ги следат овие цели кои што треба да се постигнат, меѓутоа, тоа воопшто не е спорно, доколку сите ние заеднички и позицијата и опозицијата се поставиме во насока на создавање на изборни органи кои ќе бидат вистински санкционирани за нерегуларностите во нивното постапување во текот на изборите.

Понатаму, како уште еден аргумент плус во однос на ужеството на државната и јавната администрација, а сметам дека тоа може да биде и основниот аргумент кој што е сосема доволен и без оние кои што претходно ги кажав за нивно ужество во изборните органи е тоа што ниту еден припадник или вработен во државната и јавната администрација не може да знае кој ќе формира влада после парламентарните избори. Значи, не може да знае кој ќе му биде директно надреден и секоја негова помисла да влијае во гласањето на овој или на оној начин за фаворизирање на еден или друг учесник во изборите, дефинитивно ќе значи голем ризик за него во поглед на неговото работно место во иднина, затоа што нема кој да го штити, бидејќи досега оние кои се претставници во изборните органи беа штитени директно од политичките партии кои што ги предлагаа и независно дали остануваа во опозиција или стануваа во позиција после парламентарните избори, тие беа заштитувани од тие политички партии. И, еве, гледаме колку тешко поради неажурноста во судството одат и тие постапки, затоа што од десетина колку што знам дека постојат такви постапки, некаде пет се решени, а има уште добар дел кој што треба допрва да се решаваат.

Сето тоа, доведува до една ситуација, политичките партии да бидат дополнително мотивирани за влијание врз судовите, односно врз судството во поглед на заштита на активистите кои што се нивни членови во избирачките одбори и на тој начин се создава дополнителен непотребен притисок врз судот, од страна на посебно политичките парти на власт кои што ја имаат силата и моќта и можат на тој начин директно да гарантираат заштита на оние на кои што и им даваат наредба за нарушување на изборниот процес. Значи, за да не се случат овие работи, повторно државната и јавната администрација е единствен начин за реализација на изборен процес со кои што ќе бидат отстранети ваквите ризици.

**Слободан Најдовски:** Господине Стојановски само момент. Уште колку време од прилика ќе дискутирате?

**Блаже Стојаноски:** Уште една реченица, па ќе продолжам по паузазта.

**Слободан Најдовски:** Во ред, немам проблем.

**Блаже Стојаноски:** Значи она што претставува можност на политичките партии да влијаат и да го контролираат работењето на изборните органи, значи итоа не е спорно и не мора да има членови во изборните органи да ги контролираат изборите, туку тоа можат да го прават врз основа на набљудувањето од страна на нивните претставници, кои што, може во законот да се предвиди, да се внесе дека тие можат да го проверуваат записникот од сумирањето на резултатите од гласањето, или за самиот тек на избирањето на гласачкото место и на тој начин, без директно членство во изборните органи, да има гаранција дека изборите се спровеле на фер и демократски начин во соодветното избирачко место, а сето тоа да се прелее и нагоре во однос на останатите изборни тела, општинската, регионалната и државната изборна комисија.

Тоа би бил мојот дел од излагањето. Би продолжил после паузата со останатите мои забелешки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Објавувам пауза до 15,00часот.

Продолжуваме со дискусијата на господинот Стојановски во 15,00 часот.

(Седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, сакате ли да продолжите? Да.

Повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јорданоски.

Значи после паузата за ручек да продолжам со моите опсервации за изборниот законик кој што во прва фаза е предложен од страна на Владата на Република Македонија.

Досега образложував зошто е неопходно да се направи еден чекор кон професионализација на изборните органи со ангажирање на вработените во државната и во јавната администрација во сите изборни органи. Значи од избирачките одбори преку општинските, регионалните изборни комисии се до ДИК. Значи сите изборни органи да бидат пополнети со претставници на државната и јавната администрација, со услови кои што можат да бидат дефинирани во втората фаза од овој закон, согласно самата позиција која ја завзема соодветниот изборен орган, односно, секако дека се членови на Државната изборна комисија, треба да бидат определени лица кои што имаат посебни квалификации и кои што имаат некакво искуство во овој дел.

Она што сакам во вториот дел од моето излагање да го истакнам и да зборувам она што се отвори како прашање во медиумите, меѓутоа и во изјавите на одредени политички субјекти и експерти од оваа област, а тоа е аргументацијата дека државната и јавната администрација ни била партизирана и заради тоа ние не можеме да го прифатиме, туку треба да прифатиме друг начин на избор на членовите на изборните органи. Тука имаме една политичка партија која што многу

лесно се договара со претставнците на СДСМ кога треба да се предложат некои решенија, а која што дава предлог во избирачките органи да бидат и понатаму како членови судиите. Меѓутоа, овој пат не е партизирано со согласност, како што беше до сега од страна на политичките партии кои што учествуваат во изборите, туку по пат на ждрепка ќе сме имале независно однесување на судиите во изборните органи. Меѓутоа, да одам со ред. Значи, што е алтернативата на составувањето на изборните органи на она што беше предложено од наша страна, значи од државната јавна администрација. Односно, со други зборови кажано како мислат да изградат доверба во изборните органи противниците на овој модел. Што предлагаат тие. Дали може да се зборува за изградба на доверба во изборните органи од страна на сите учесници во изборите, кога секој учесник сака да има свој член во избирачкиот орган, а одборот или комисијата имаат ограничен број членови.

Овде веднаш се отвора прашањето за тоа кој ќе може, а кој нема да може да членува во изборните органи. Потоа, веднаш се отвора и прашањето за тоа кој ќе се дефинира како позиција, а кој како опозиција. Потоа, во кои изборни места ќе партиципира дефинираната, опозициона македонска партија, условно кажано, а во кој дефинираната опозициона албанска партија. И обратно. Во кои дефинираната македонска позициона партија, а во кои дефинираната македонска опозициона партија, На кој начин ќе бидат заштитени од незаконите разрешување членовите на пониските изборни органи, затоа што ДИК сега има и таква моќ. Кога ќе се формираат и едуцираат овие изборни органи кога нив би требало да ги предложат подносителите на листа на кандидати за пратеници, а тие листи ќе се знаат дури откако ќе бидат поднесени до ДИК, а тоа согласно сите рокови кои што се предвидени во законот е предвидено да биде после истекот на рокот за собирање на потписи кој што е 30 дена по распишувањето на изборите.

Значи, кога во овој период, кој што би бил еден месец пред почетокот на изборите, значи во време на траеењето на изборната кампања, согласно она што е предложено, треба да бидат обучувани членовите на избирачките одбори , каде што би се предлагале членови од страна на учесниците во изборниот процес.

Понатаму, како ќе се примени определбата за поголема застапеност, како што е заложбата во овој предлог за донесување на закон на жените во изборните органи. Дали со процент кој ќе се утврди за секоја листа кога ќе предлага членови на изборните органи, или пак, претседателите ќе бидат избирани на посебен список кој што ќе има посебно машки дел, посебно женски дел, заради почитување на тој цензус кој што е наведен во овој закон. Потоа, што станува со оние членови кои што треба да ги предлагаат партиите. Дали меѓу себе тие треба да се договараат кој ќе предложи маж, кој ќе предложи жена во изборните органи, со цел, исто така да се остварат законските услови.

Овде, ќе се појави и прашањето кој е тој што треба да предлага членови во изборните органи. Дали е тоа подносителот на листата на кандидати како еден од учесниците во изборите, или тоа е секоја политичка партија независно од тоа дека едната и другата партија се предлагачи на иста листа на кандидати. Значи, овие проблематични прашања, кои што сега ги искажав можам малку да ги елаборирам, за тоа што навистина, се појавуваат огромни работи кои што не се прецизирани со овој закон, а од друга страна чувствуваме постојано една желба да се донесат законски решенија, кои што понатаму можат да произлезат многу негативни ефекти во реализацијата на парламентарните избори во 2006 година, меѓутоа, и на сите други избори во иднина. На првото прашање на кое треба да се одговори, е што со оние политички партии кои што нема да имаат можност да учествуваат во изборните органи. Значи, прифаќањето на, односно одбивањето на принципот за учество на државната и јавната администрација, ќе го отвори прашањето на тоа дали слободниот мандат на пратениците кој што е дефиниран со ставот на Република Македонија и кој што е потврден со одлука на Уставниот суд на Република Македонија, ние ќе го проблематизираме преку овој закон. Или, политичките партии застапени во овој Парламент треба да бидат оние, кои што треба да учествуваат во предлагањето на членови на изборните органи, или пак, тоа може да биде политичка партија, која што на последните избори добила најголем број на гласови, меѓутоа останала во меѓувреме без ниту еден пратеник во Парламентот на Република Македонија. Зборувам за едни такви можности кои што во иднина се можни.

За да не се доведеме во една ваква ситуација, ние како ВМРО Народна партија предлагаме државната и јавната администрација да бидат тие кои што ќе ги пополнуваат изборните органи, за разлика од некои други опозициони партии кои што единствено водат сметка за тесно партиските интереси, без при тоа да водат грижа за целината на изборнот процес од кој што зависат и резултатите низ кои тие самите треба да стигнат со завршувањето на изборите.

Тука исто така, сакам да истакнам дека еден добар дел од политички партии застапени во овој парламент преку пратенички групи, сеуште немам барем јас слушнато, никаква реакција од нивна страна за овој предлог, затоа што на овој начин ни тие исто така нема да можат да учествуваат со свои членови во изборните органи, што значи дефинитивно на тој начинн е и нарушување на принципот на создавање на доверба во изборните органи од страна на сите учесници во изборниот процес. Тука пред се, мислам на оние политички партии, кои што заради тесни политички интереси, заради евентуални коалиции кои што мислат да ги создаваат за време на парламентарните избори, ги премолчуваат овие факти, иако тоа може

долгорочно да се одрази и врз нивните исто така, тесни партиски интереси, зборувам за локални избори или за претседателски избори.

Тука би го отворил и прашањето сега зошто немам слушнато ниту една реакција контра овој предлог во контекст на создавање на зголемена доверба во изборните органи од страна на политички партии кои што произлегоа во овој меѓупериод. Тука пред се мислам на политички партии застапени во овој парламент, меѓутоа, има и политички партии кои што се вон парламентарни и кои што согласно овој предлог кој што го имаме, апсолутно немаат никаква можност да учествуваат во изборните органи. Тука мислам и на одредени политички партии од албанскиот политички блок, кој што на овој начин не можат да учествуваат со свои членови во изборните органи.

Значи, на овој начин имаме создавање на една ситуација во која што преку конкретни примери можам тука на вас како на пратеници и на целата македонска јавност да и објаснам што тоа во практиката би значело. Ако имаме две избирачки места, согласно овој предлог кој што е донесен од Владата, едното избирачко место да биде на пример во Шипковица, таму, во избирачкиот одбор треба да бидат дваица членови кои што ќе ги предложи ДУИ, како владеачка партија, бидејќи таму СДСМ нема некој интерес да учествува во изборните органи, ќе го остави тоа на ДУИ кој што има директен интерес за спроведување на изборите во тоа гласачко место. Од друга страна би било учеството на албанската опозициона политичка партија, тоа е Демократската партија на Албанците. Мене навистина ми е жал, што претставниците парламентарни од оваа политичка партија не се денеска со нас, меѓутоа, тие поднесоа еден закон што се однесуваше на локалните избори и иако тие учествуваа во овие изборни органи можат и те како да зборуваат за тоа како се нарушуваат изборните правила и како се кршат истите тие правила со цел да се релизира одредена политичка цел, по секоја цена да се обезбедат места во советите на општините, или градоначалнички места. Значи, за да не се случи ситуација во која што во Шишковица повторно ќе дојде до биткамеѓу ДУИ и ДПА, а на пример во Струмица да се случи една ситуација во која што имавме и на претседателските избори во 2004 година, кога тогашното ВМРО ДПМНЕ, заедно со СДСМ беа единствените политички партии кои што имаа свои претставници во изб ирачките одбори и можеа да создаваат цензус со цел некој да биде избран за претседател, а потоа откако го оствaрија тој цензус заеднички, едната политичка партија си зеде за право да зборува дека тој кандидат нелегитимно ги освоил гласовите, за потоа да го признае и да стане близок соработник со него. Значи, да не се доведуваме во ситуација две политички партии да можат да склучуваат пактови или договори и да полнат кутии легално, затоа што нема кој да ги контролира во таа смисла, ние предлагаме како партија таму да учествуваат претставници на државната и јавната администрација.

Во однос на утврдувањето на тоа кој ќе биде позиција а кој опозиција. Јас навистина сметам дека позицијата е многу јасно, тоа се партиите кои партиципираат во Владата на Република Македонија, тоа е коалицијата која што е на власт и која што е извршната власт во Република Македонија.

Од друга страна, опозиционите партии не можат да бидат дефинирани само по однос на бројот на гласовите, како што тоа беше во 2002 година, односно во 2001 година со донесувањето на законот за изборот на пратеници, затоа што се драстично променети околностите на политичката сцена во Република Македонија. Тогаш постоеја две големи македонски и две големи албански политички партии, а сега се појавија и нови субјекти кои што придонесоа за еден поширок спектар на политички субјекти на македонското политичко небо. Значи, не можеме да зборуваме за исти услови и за тоа сметам дека пристапот на создавање на партиски изборни органи може да биде погубен за реализацијата на фер и демократски избори во Република Македонија, особено за овие толку значајни парламентарни избори, кои што сметам дека ќе бидат реализирани во редовниот термин.

Понатаму, прашањето, доколку алтернативата се зема предвид, се поставува прашањето за тоа дали политичките партии можат да бидат тие кои што ќе предлагаат членови во изборните органи, или тоа треба да бидат подносителите на листи. Затоа што имате ситуација во која што во Република Македонија има сеуште 78 регистрирани во овој момент политички партии. Ако една политичка партија има намера да освои една третина или една половина од глаачкото ливче, не треба ништо ддруго освен да собере 50-тина партии заедно со неа, независно од нивната политичка тежина и да има пола ливче гласачко на располагање со сите тие лога кои ги имаат политичките партии, кои што влегуваат во таа коалиција, со сите нивни имиња и навистина, тоа би претставувало могу голем проблем од практичен аспект пред се, меѓутоа, и во поглед на предлагањето, во однос на самното гласачко ливче при гласањето од страна на граѓаните на Република Македонија кои што не можат во таква една ситуација да немаат влијание при нивниот избор, затоа што ако еден учесник во изборниот процес, еден подносител на листа има половина од гласачкото ливче, не можеме да зборуваме за рамноправност во тој поглед.

Меѓутоа, да се вратам на составот на изборните органи. Сметам дека, ако зборуваме за учество во изборните органи, мораме да зборуваме за у чество на изборните органи како подносители на листа. Дали е една политичка партија, дали се 50 политички партии, дали е група на избирачи, ние не можеме да речеме дека, доколку на пример партијата ВМРО ДПМНЕ заедно со Либералната партија и со другите политички партии создале една коалиција, тие ќе имаат можност и како

Либерална партија и како ВМРО ДПМНЕ да учествуваат во изборните органи, а никој друг нема да учествува. А претставуваат еден подносител на листа, значи имаат еден субјективитет. Истото тоа важи и за СДСМ заедно со ЛДП излегуваат како коалиција, не можат да имаат двајца претставници како политички партии, туку мора да имаат како подносител на листа, заради рамноправност на сите у чесници на изборите. Затоа што подносителите на листата се субјекти кои што учествуваат на изборите.Не можете да дозволите да се преферира еден подносител на листа кој што е составен од политички партии, за сметка на друг подносител на листа кој што е составен од група на избирачи зад која што стојат одреден број гласачи кои што го поддржуваат и кои што го исполниле условот што е предвиден со законот за предлагање на таа листа на кандидати. Ова прашање е во директна поврзаност за она што почнав претходно, а тоа е во поглед на рамноправноста на учесниците во изборниот процес, а тоа е

Прво, за да има рамноправност, треба да има рамноправност пред се, во медиумското претставување. Во медиумското претставување исто така, согласно одлуката која што треба да ја предложи Советот за радио дифузија и да ја усвои овој Парламент за рамноправно медиумско претставување на учесниците во изборниот процес, дефинитивно тоа значи дека во таа одлука не може да се третираат политичките партии, затоа што е можно само двајца учесници во изборите да бидат преферирани на медиумите, а од друга страна еден добар дел од учесниците во изборите да бидат маргинализирани, или воопшто да не бидат во можност да се претставуваат медиумски. Тоа отвора и многу други прашања, кои што сега не сакам да должам да ги елаборирам.

Втората работа, која што е многу важна, е во однос на финансирањето на изборната кампања. Кажете ни на кој начин и која политичка партија ќе бида одговорна за почитувањето на одредбите за финансирање на изборната кампања кога се работи за изборната лилста, ако таа коалициона листа нема свој субјективитет.

Значи, мора да има име и презиме на лицето кое што е одговорно и кое што треба да го претставува субјективитетот на подносителот на листа, затоа што тој подносител на листа мора да даде отчет како целина за трошењето на парите во изборната кампања. Не можеме да зборуваме ако една политичка партија се смета за позначајна во една коалициона листа дека таа треба на својот грб да го носи товарот на финансирање на изборната кампања и да ја има одговорноста за законитоста во финансирањето, туку тоа мора да бидат сите оние кои што го дефинираат поимот организатор на изборната кампања.

Понатаму, за секој учесник во изборниот процес излегува со своја политичка програма, која што ја презентира пред граѓаните на Република Македонија кој што треба да и дадат доверба заз реализација на таа изборна програма, како што треба да биде во секоја нормална и демократска држава. Жално е во Република Македонија што повеќе пати досега ни се случува пред изборните програми да бидат со лесно дадени ветувања и да не бидат исполнети, меѓутоа, независно од тоа сметам дека подносителот на листа мора да даде една таква политичка изборна програма пред гласачите и на тој начин да излезе како посебен субјект кој што во овој случај може да ја реализира довербата дадена од граѓаните преку неговите места во Парламентот на Република Македонија и понатаму евентуално во формирањето на Владата на Република Македонија и учестсвото во власта во државата.

За да може тоа да се реализира, тука мора да се дефинира субјективитетот и преку посебно име на таа коалиција и посебно лого на таа коалиција која неминовно ќе биде препознатлива за гласачите кои што треба да гласаат за таа листа.

Ова е во делот кој што сакава да го искажам, кој што се појавуваше како алтернативни решенија во однос на она што е предложено во овој закон, кој што се однесува пред се на составот на изборните органи и на овој дел кој што го спомнав околу субјективитетот на учесниците во изборниот процес.

Државната изборна комисија претставува посебна тема и затоа сакам тука да отворам најмалку две прашања. Прво, тоа е прашањето кое толку значајно се поставува, а кое што го поставува кобајаги како најзначајно една опозициона политичка партија, а тоа е дали тој ќе бил предложен од опозицијата со согласност од позицијата или обратно, предложен од позицијата со согласност од опозицијата.

Прва работа која што ми паѓа на памет е: политичките партии треба да бидат тие според овој предлог кој треба да го определат претседателот на Државната изборна комисија или тоа треба да биде Парламентот на институционален начин да го решава ова прашање со двотретинско мнозинство кое согласно Уставот на Република Македонија претставува најквалификувано мнозинство со кое одлучува овој Парламент. Ако некој смета дека изборите може да се спроведат а притоа да го тргне на страна учеството на Парламентот од самата реализција на изборите сметам дека прави груба грешка и груба повреда на уставните решенија во Уставот на Република Македонија. Значи она што го истакнуваме, тоа е што прашањето за претседател на Државната изборна комисија постојано се третира издвоено од составот на Државната изборна комисија, што за мене е неверојатен, најблаго речено, пропуст од страна на тие кои го третираат ова прашање, затоа што до сега составот на Државната изборна комисија беше двајца судии од позиција, со согласност од позиција, двајца со согласност од опозиција, двајца членови по предлог на позиција, двајца членови по предлог на опозиција. Значи имате осум членови во кои четири условно се лојални на позицијата, четири се лојални на

опозицијата. Значењето на изборот на претседателот на Државната изборна комисија беше во неговиот глас, неговиот глас одлучуваше при донесувањето на одредена одлука дали таа ќе биде во корист на позицијата или во корист на опозицијата, односно дали ќе биде во согласност со прописите кои што треба да ги реализира, спроведува и почитува Државната изборна комисија.

Сега имаме еден случај во кој што се вели претседателот на Државната изборна комисија да биде избран по предлог на опозицијата со согласност од позицијата, а од друга страна се вели судиите по пат на ждрепка да учествуваат во изборниот процес. Ако е така, тогаш која е логиката за создавање на мнозинство, кој гарантира дека од тие судии кои што треба да бидат избрани, затоа што тука има две можности, едната можност е со четири судии да бидат избрани по пат на ждрепка од редот на судиите на Врховниот суд кои изнесуваат околу 25 лица, па веднаш се поставува едно прашање. Сите дефиниравме тука дека изборот на судиите бил политички мотивиран и заради тоа бевме упатени кон реформи во судството. Ако е тоа така, а сите сме согласни во тоа, тогаш изборот по пат на ждрепка јас не гледам зошто би се разликувал од изборот кој би бил од страна на државната и јавната администрација на пример, затоа што судиите на Врховниот суд не само како четворица, би учествувале по пат на ждрепка и можат да бидат на една или друга политичка страна, туку се појавува и едно друго прашање кое директно засега во независноста на судиите, а тоа е дека и по пат на жалба одлучува Врховниот суд. Значи одлуката која што е донесена од страна на Државната изборна комисија во која учествувале судиите на Врховен суд треба повторно да биде предмет на преоценување од страна на колегите судии во Врховниот суд, а ова уште повеќе ако се определи Владата за претседател на Државната изборна комисија да биде избран со ждрепка од редот на судиите на Врховниот суд и на тој начин ќе имаме мнозинство на судии од Врховниот суд во Државната изборна комисија и ќе се проблематизира второстепеното одлучување на Врховниот суд. Ова беше еден од основние аргументи при нашата одлука за напуштање на овој пристап за учество на судиите, заедно со други аргументи кои што ги слушнавме и во јавната расправа и за прифаќање на принципот за пополнување на местата во изборните органи од државната и јавната администрација. Значи во таков случај јас не гледам важноста како се поставува на претседателот на Државната изборна комисија, не глеам зошто се отвораат толку значајни прашања на насловни страни, дали ако СДСМ прифател предлог од ВМРО-ДПМНЕ тоа ќе било добро или лошо. Добро ќе биде ако прво ние имаме гаранција како што стои тука, партиите кои добиле најголем број на гласови на постарите избори, вие имате една ситуација во која не ВМРО-ДПМНЕ туку и ВМРО-ДПМНЕ и ДПА треба да предложат човек кој што треба да биде претседател на Државната изборна комисија. Ако е така, тогаш кој ви гарантира дека тоа мора да биде македонец, тоа може да биде и албанец, затоа што и ДПА има исто право како што има и другата партија која што освоила најголем број гласови на последните парламентарни избори. На страна од тоа, и доколку се случи усогласување на личноста меѓу тие две политички партии, вие имате заедно со ДПМНЕ една цела листа од 17 политички партии кои учествуваа на локалните избори кои меѓу себе треба да кажат, бидејќи тие претставуваат еден подносител на листа дека го прифаќаат тој избор, и тоа да помине и да се усогласи личноста за претседател на Државната изборна комисија од двете политички опции, што ќе стане доколку таа личност или и друга наредна личност не биде прифатена од страна на владеачката коалиција, СДСМ и од ДУИ. Дали имате решение на ова прашање, или може да се направи договор, или вие се договарате како СДСМ и ДПМНЕ дека оваа личност имаме интерес и ние и вие да биде претседател на Државната изборна комисија независно од мислењето на останатите политички субјекти кои учествуваат на овие избори. Ако е така, јас не сметам дека овие избори можат да бидат направени во полза на сите учесници на изборниот процес, туку во полза на фаворизирани учесници и учесници кои што треба да бидат хендикепирани при нивното учество и набљудување и воопшто набљудување на текот на изборниот процес.

Значи овој предлог апсолутно не може да биде прифатлив од овие причини кои што ги кажав и сметам дека треба да биде напуштен целосно овој правец во кој што се движи ова договарање и преговарање во овој дел, туку претседателот на Државната изборна комисија да биде избран по пат на ждрепка од редот на членовите на Државната изборна комисија кои што исто така треба да бидат избрани од редот на јавната администрација со критериуми кои што треба да бидат дефинирани со овој закон, а кои ќе значат авторитетност, независност и со гаранции кои ќе значат санкции за непочитување на легислативата од страна на членовите на Државната изборна комисија.

Оттука, се надевам дека во натамошните дискусии ќе слушнеме аргументи кои ќе ги презентираат ставовите на останатите политички партии. Тука сметам дека има можност навистина да е почитува и барањето на одредени политички партии, посебно на партиите на етничките заедници кои што се однесуваат на гарантирани на овие политички партии, што значи факт е дека со почитувањето или гаранцијата на принципот еден човек - еден глас на ниво на Република Македонија и со собирањето на гласовите на сите припадници на турската етничка заедница, припадниците на ромската етничка заедница, припадниците на влашката етничка заедница, на бошњачката, на српската етничка заедница ќе може навистина да се обезбеди целосна верификација на легитимитетот на нивните

претставници во овој Парламент и на тој начин со соодветни законски решенија да се почитува барањето на помалите етнички заедници за нивно зголемено учество односно корекција на бројот на пратеници за уште некој број пратеници претставници на овие помали етнички заедници кој пред се треба да биде израз на реалната политичка поддршка која ќе ја добијат од страна на нивните гласачи. Значи тоа не може да биде со административна мерка, туку реално засновано врз основа на гласовите кои тие ќе ги добијат исто како и останатите политички субјекти во текот на изборите.

Алтернативите кои почнав да ги елаборирам во однос на составот на Државната изборна комисија и она што беше третирано во текот на работењето на работната група која ја работеше работната верзија на овој закон, тоа е дека учеството на судиите, ако веќе биде прифатено, тогаш треба да биде со шест судии од кои еден треба да биде претседател на Државната изборна комисија, друг заменик претседател по пат на ждрепка, меѓутоа, со оние аргументи кои што ги искажав во првиот дел од моето излагање, а тоа е дека судиите не можат да бидат членови на на иборните органи заради тоа што не може да се лоцира начинот на утврдување на нивната одговорност, дали тоа би било како членови на изборните органи на Државната изборна комисија или како судии, затоа што и едниот и другиот начин на утрдување на одговорност се однесува на исто лице, а по различни основи тоа треба да биде решено некако и може да го отвори прашањето за неспојливост на вршење на судиската функција со други јавни функции. втора работа е намалувањето на можноста судиите да учествуваат во остварувањето на нивната судиска функција, затоа што со учеството во изборните органи дефинитивно тие ќе бидат ангажирани за целиот изборен процес во контекс на изборите, а не во контекс на извршување на судиската функција. Тоа навистина претставува еден добар дел на судии и сметам дека оној третиот аргумент што го кажав за Државната изборна комисија, има судии на Врховниот суд, а по жалбите на одлуките на Државната изборна комисија одлучува повторно Врховниот суд, тоа значи дека ВМРО-Народна партија го прифаќа предлогот поддржан и од страна на експертите за отстранување на судиите од изборните органи и заради тоа што навистина, на крајот на краиштата, никој ги нема до сега прашано судиите дали сакаат да бидат дел од тие избрани органи. Или како ќе станат дел, дали ждрепка ќе имате посебно. Јас сум сигурен дека албанските политички партии ќе сакаат да има двојно ждребување, едно ждребување на припадниците на етничките заедници, друго ждребување на останатите припадници судии на Врховниот суд. Понатаму, има учество на жени 30%. Значи повторно има два вида ждребувања, едно за жените, едно за останатите, за мажите и навистина ќе се направи еден невиден хаос во утврдувањето на составот на изборните органи.

Сметам дека навистина долго време зборувам и искажав еден добар дел од нашите забелешки во однос на овој закон. Тука сакам да искажам уште неколку работи кои се заложба, а кои не ги спомнав. Зборувам за избирачкиот список, затоа што зборуваме за шест закони во еден закон и навистина тоа не може да се искаже за 15 или 20 минути.

Прво е избирачкиот список, неколку прашања кои не се решени во однос на избирачкиот список со овој закон. Тоа е прво за надлежниот одговорен државен орган кој што треба да го води избирачкиот список и да одговара за точноста на податоците во избирачкиот список. Како што е сега состојбата, Министерството за внатрешни работи е должно да доставува податоци до Министерството за правда, а тие податоци треба да ги обработува Државниот завод за статистика. Овде навистина имаме една ситуација во која нема државен орган кој директно е одговорен за состојбата со податоците во избирачкиот список и сето тоа се завршува со едноставно потпишување на избирачкиот список од страна на Државната изборна комисија без членовите на Државната изборна комисија да имаат реална можност за да можат да ги контролираат тие податоци во избирачкиот список. Затоа, сметам дека онаа обврска требаше да биде реализирана и тука не го обвинувам Министерството за правда за нереализацијата на тоа, меѓутоа, сепак Владата е таа која што требаше да ја реализира својата обврска за создавање на еден посебен дел во Министерството за правда кој што ќе се занимава со ова прашање и сметам дека тоа треба да се направи што е можно побрзо.

Понатаму, ова лоцирање на одговорноста, ако веќе Министерството за внатрешни работи е тоа кое ги дава податоците, а ние зборуваме за податоци кои треба да бидат после само технички внесени во избирачкиот список, тогаш да се знае дека Министерството за внатрешни работи е тоа кое што треба да одговара за вистинитоста на податоците. Инаку, ни се случува да имаме во избирачкиот список починати лица. Тука не е виновно Министерството за правда, затоа што не добило податоци, не е виновен Државниот завод за статистика затоа што нема податоци кои што може да ги обработува, а Министерството за внатрешни работи ако работи неажурно се пренесува таа одговорност и на другите органи. Значи, за да не се доведуваме во една таква ситуација на префрлање на топката од едно на друго место, јас сметам дека Министерствот за внатрешни работи треба да си има свој дел, комисија или незнам како тоа би било, која ќе одговара за вистинитоста на податоците кои ги има во избирачкиот список, а кои се доставени од нивна страна. Тоа е преодно решение до оној момент додека не се направи еден орган кој што тековно ќе го ажурира тој избирачки список и ќе ги поправа податоците кои се во нив.

Во однос на гласачите државјани на Република Македонија кои се наоѓаат во странство, согласно податоците кои ги има Министерството за

внатрешни работи во овој момент, 53.000 лица се наоѓаат во странство со позната последна адреса на живеење и околу 15.000 се наоѓаат во странство со непозната последна адреса на живеење. Се работи за бројка од околу 70.000 лица кои треба да бидат утврдени со ѕвездичка или на друг начин, како што стои во овој закон. Јас сметам дека тоа не е доволно, значи прво треба повторно да се ажурира евиденцијата која што ја има Министерството за внатрешни работи за лица кои се над три месеци надвор од Република Македонија, посебно над една година и на тој начин да може да се направи еден навистина ажуриран список, посебен список, како што е списокот кој што се предлага да се направи во членот 41 од овој закон, а кој се однесува на лицата кои се наоѓаат на издржување на казна затвор, лицата кои се во Армијата на Република Македонија или на воена вежба и за раселените лица. Значи имаме еден посебен список, посебен извод од избирачкиот список, од Единствениот избирачки список и со тоа воопшто не се нарушува единственоста на податоците во избирачкиот список, а од друга страна се намалуваат драстично можностите за злоупотреба со овие гласови, со посебна гаранција за употреба на правото на приговор со податок дали тоа лице влегло во државата или било во Република Македонија во време на гласањето на изборите, за да може да се види доколку не било во Република Македонија факт е дека некој друг гласал за него и тоа е основа за поништување на гласањето на избирачкото место.

Во однос на полициското постапување сметам дека и до сега имаше правилник кој Државната изборна комисија го изработуваше и го донесуваше во однос на овој дел. Добро е што во овој закон има попрецизни одредби за постапувањето на полицијата, меѓутоа, сепак сметам дека Државната изборна комисија треба да донесе навистина еден многу попрецизен, поиздржан и поцелосен правилник кој ќе ги регулира сите прашања околу постапувањето на полицијата во текот на изборите и на тој начин ќе бидат разрешени многу дилеми кои би можеле да се појават на самиот ден на гласање.

Она што се однесува на учеството на жените, тука е предложено истото решение кое го имаше и во Законот за локални избори, меѓутоа е направен чекор напред во однос на ова прашање во однос на поранешниот закон за избор на пратеници.

Тука сметам дека навистина треба да кажам неколку зборови во заштита на правата на жените, затоа што не знам зошто би се ограничувало учеството на жените. Тука е предложено истото решение што беше и во Законот за локални избори, меѓутоа направен е чекор напред во однос на ова прашање во однос на поранешниот Закон за иабор на пратеници. Сметам дека, навистина, треба да кажам неколку зборови во заштита на правата на жените, затоа што не знам зошто би се ограничувало учеството на жените на 30%, туку тоа треба да биде регулирано во статутите на сите политички партии и во самите политички партии да се отвори расправа по однос на ова прашање и да се направи еден чекор напред кон зголемувањето на учеството на жените во политиката, во Парламентот и во систе институции на системот. Затоа што ова прашање не може да се третира изолирано само во однос на законодавната власт и во однос на членовите на советите за локалните избори, туку тоа треба да биде реализирано, кога ќе се оди со ваква позитивна дискриминација, во сите органи. Јас не снам зошто тука не се однесува и на судии, на министри, на градоначалници, на други носители на функции, туку на членовите на советите на локалните избори и на членовите на Парламентот на парламентарните избори. Значи, ако се оди кон позитивна дискриминација, тогаш да видиме кои се, покрај жените, кои исто така заслужуваат позитивна дискриминација. Дали се тоа студентите, дали се тоа пензионерите, дали се земјоделците, дали се лица, посебно групи кои имаат свои специфични интереси и на тој начин со позитивна дискриминација ќе правиме нивно учество во овој Парламент на начин што го правиме по родова основа, а кое што , само попатно да кажам ни е забрането согласно Уставот на Република Македонија, затоа што тој не дозволува никаква поделба по однос на род, вера, политичко и друго убедување.

Затоа сметам дека ова решение не може да биде прифатливо како такво и, ако се оди во тој правец, тогаш тој правец треба да се прошири и во однос на сите овие лица кои имаат интерес да учествуваат во законодавната власт и во политичкиот живот на Република Македонија.

На крајот, сметам дека во добар дел овој закон ги има имплементирано препораките на ОДИХР. Тука морам да искажам јавна благодарност до ОДИХР за нивното учество во изработката на овој закон, во однос на тоа што тие го направија како придонес за овие законски решенија, со тоа што она што претставуваше законска заложба односно основна заложба и на Владата , преку одговорите на Прашалникот на Европската Унија за кодификација на изборното законодавство, за надминување на политизацијата на изборните органи што мислам дека еден чекор кој е во прилог на ова што досега го зборував, потоа во однос на јакнењето на надзорната фунцкијата на ДИК, засилување на одговорноста на изборните тела, во однос на програмиранта и задолжителна едукација на изборните тела и на електоратот. Сето ова претставува еден чекор преку овој законик што треба да биде во функција на реализација на фер и демократски избори.

Во однос на медиумите потребно е да се има зголемени овластувања на Соватот за радиодифузија и добро е што правата на непартиските набљудувачи на изборниот процес се регулирани со одредби внесени во овој закон.

Тоа што сакав овде да го кажам и да го истакнам е дека една од заложбите на ОБСЕ, од препораките на ОБСЕ е дека политичките партии не треба да имаат никаква функција при

номинирањето или назначувањето на изборните органи, бидејќи изборот на судии од страна на политичките партии ја поткопува независноста на судството. Јас не гледам разлика во однос на ова што е заложба на ВМРО-народна партија и во однос на она што е заложба на ОБСЕ, на ОДИХР како негов дел, во однос на пристапот кон формирањето на изборните органи.

Тоа е она што имав да го кажам. Сметам дека има и други дискутанти кои ќе отворат прашања што навистина се значајни и заради важноста на ова прашање и заради тоа што легислативата, овој Изборен законик што се донесува во оваа прва фаза треба да претставува една здрава основа за остварување на другите две главни цели, ако можам така да ги кажам, а тоа е , прво, контролирање на учесниците во изборниот процес, подносителите на листи, политичките партии односно коалиции на политичките партии во однос на нивното влијание за ненарушување на изборниот процес, односно воздржување од дејствија што ќе значат повреда на изборните закони и драстично санкционирање на оние кои ќе се обидат или ќе направат повреди на изборниот процес од страна на сите надлежни органи во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојаноски.

Повелете господине Ѓорчев имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувана госпоѓо министер и други претставници на Владата на Република Македонија. почитувани дами и господа пратеници,

Јас, во моето обраќање до вас ќе се обидам да дискутирам повеќе како долгогодишен учесник во изборниот процес во Република Македонија и како претставник на Земјоделска народна партија со обид да во оваа прва фаза дадеме некои забелешки што би имале, навистина, конструктивен карактер.

Би тргнал од тоа дека изборниот систем во Република Македонија несомнено не е ниту завршен, ниту совршен политички облик. Според досегашниот, би рекол, парламентаре живот во Република Македонија, одржани се 4 избори за состав на Парламентот во Република Македонија. Бидејќи првата тема е воведното **1**- Изборен модел, имавме два изборни модели, каде што во 1990 и 1994 година се бираше пратеник по мнозински изборен модел, 1998 година беше практикуван комбиниран изборен модел, 85 пратеници беа бирани според мнозинскиот начин, а 35 беа бирани според пропорционалните листи доставени од политичките партии, за да конечно, во 2002 година ние добиеме изборен модел чист професионален модел кој што беше организиран во 6 изборни единици на целата територија на Република Македонија.

Моето лично размислување е дека е нужно да проговориме во оваа прва фаза на законот за предностите и негативностите на двата изборни модели.

Зошто мнозинскиот дел, зошто пропорционален изборен модел?

Земјоделската народна партија се залага за мнозинскиот модел, затоа што смета дека тоа е модел што овозможува непосредно учество на граѓанинот на Република Македонија. Тоа е обичниот граѓанин кој има повеќе шанси во Парламентот на Република Македонија да биде мислечка индивидуа, отколку пропорционалниот модел што преферира партиски елити. Нормално, сигурно дека претседателот, потпретседателот на одредена партија, секретарот, раководството, Претседателството ќе сакаат да бидат на листите и членовите кои се истакнале во спроведување на одредена партиска програма, кауза-програма, па тука се наметнува прашањето каков облик има македонскиот парламент?

При тоа не е за отфрлање ниту мислењето на новинарите во парламентарниот хол кои говорат дека појавата на еден Митко Атанасовски-врапчето или некои други парламентарци придонесоа Парламентот 1990-1994 година да биде историски. Дека тогаш беа обични луѓе пратеници, дека тие луѓе зборуваа со јазикот на народот и дека тие луѓе направија многу Парламентот да биде средиштето на политичкиот живот на Република Македонија.

Додека Парламентот во кој сум јас член, новинарите, а тоа е седмата сила во Република Македонија, говори дека во најголем дел е Парламент кој застапува чисто партиски интереси, па наместо мислечки индивидуи, пратениците се претвораат во партизирани роботоидни суштества кои, најчесто гласаат по дефиниција, независно дали е потребно да се изгласа нешто за што сите сме свесни дека тутунот е стратегиско добро, но гласаме дека не е стратегиско добро. Еве, денеска се случи тоа, затоа што партијата тоа ни наредува.

Од тој аспект сметам дека мнозинскиот модел и приличи на Република Македонија, затоа што тој дава еднакви шанси на сите граѓани на Република Македонија. Но, бидејќи ние често се повикуваме на мултикултурната боја на македонското општеството, тогаш дава еднакви шанси на сите етнички заедници и како граѓани и како припадници на македонскиот народ и на етничките заедници, во оние средини каде тие етнички заедници се застапени, да се изборат како обичен граѓанин со име и презиме и со чест и почит кон македонската земја, да се избори за своето право да го каже својот збор во македонскиот Парламент.

Од тука, не е на одмет да се поразмисли почитуван госпоѓо министер за предностите на македонскиот Парламент во тие први плурални години 1990-1994 година и за негативностите што ги произведе пропорционалниот модел или мешовитиот пропорционален мнозински модел во 1998 година.

А, ако веќе се определуваме, хипотетички, за пропорционален модел, тогаш треба да продискутираме како што дискутиравме, на

пример јас како претставник во изготвување на Иборниот закон за 1998 година со тогашниот министер за правда господинот Ѓорѓи Спасов за предностите, на колку изборни единици треба да биде поделена Македонија. Ако е веќе втората димензија во пропорционалниот модел, дали тоа треба да биде една изборна единица, дали треба да бидат 6 изобрни единици, 10 или 12 изборни единици. По мое длабоко убедување, бегајќи од стапицата изборниот модел да биде на територијата на цела држава една изборна единица, бегајќи од стапицата на евентуални поинакви етнички, би рекол, репрезентации во Парламентот на Република Македонија, јас напротив, сметам, ако веќе се определуваме за пропорционален модел, тој треба да биде организиран како избори на територијата на цела држава, односно да биде една изборна единица Република Македонија, по тој модел.Тогаш, навистина ќе имаме присуство на сите граѓани во Република Македонија во македонскиот Парламент ќе му дадеме шанса на обичниот граѓанин, ќе му дадеме шанса и на припадникот на онаа етничка заедница кој може во таа изборна единица да ги собере гласовите и на Македонците и на Албанците и на Турците и на Ромите и на Власите и на Бошњаците за да може на таков начин македонскиот Парламент реално да ја отсликува волјата на македонскиот народ и на другите етнички заедници кои живеат на територијата на Република Македонија. Од тука сметам дека е упатно уште еднаш за ова горливо прашање да се отвори дебата каков Парламент сакаме ние во Република Македонија.

Второ на кој начин да се водат дискусиите тука, како размисла граѓанска или како размисла на политичките партии, и сметамм дека тоа истото е многу важно во член 3 да биде разгледувано во сите оние дискусии кои што ќе бидат и помеѓу политичките партии но и Министерство за правда има пак други механизми со невладините организации, со експертите, со Меѓународната организација , со меѓународните набљудувачи од ОДИХР и ОБСЕ да може да размени мислење, зошто тогаш, ако одиме на постојан модел, Република Македонија да не биде една изборна единица, тогаш сите ќе имаат еднакви шанси, и големите партии и малите партии и припадниците на македонскиот народ и припадниците на етничиките заедници и тогаш ќе решава, навистина, волјата на македонскиот гласач, како тој ќе реши, кому тој ќе му го довери својот глас. Тоа е во делот на Главата 1, во оваа прва фаза, тоа е изборен модел, односно членот 3.

Во делот 2, нешто би дискутирал за распишувањето на изборите, членот 14 што сметам дека е произлезен од една,тогаш погреашна формулација кога го донесовме Законот во 2002 година, 90 дена пред истекот на мандатот на мандатото на сегашниот парламентерен состав, односно 60 дена за распишување на изборите од расформирањето, односно како популарно се вели на составот на сегашниот Парламент. Сметам декатоа е многу недефинирана одредба и за тоа треба да се размисли. Конкретно ние имаме датум кога се оджаа изборите на 15. септември 2002 година и многу лукративна е формулацијата кога се определува изборот за градоначалници на Република Македонија каде се вели дека третата недела од месец март се одржуваат избори за градоначалник, Упатно би било во договор со политичиките партии од позиција и опозиција, со невладииот секторда се определи кога ќе бидат изборите за Парламентот на Република Македонија во оваа година. Дали ќе биде првата недела ос септември, втората недела од јули или третата недела од септенври, така треба да биде напишано во Законот и тогаш ќе знаеме сите, кога нема вонредни избори, дека изборите во 2010-та година ќе бидат на 17.септемнри,10. сеотември, 3. септември или 9.јули. Тоа е многу добро за Република Македонија, за една чиста ситуација, за поготовка на граѓаните и на политичките партии на кој ден ќе се одржат изборите.

Вака, 90 дена пред истекот на мандатот на сегашниот Парламент или 60 дена пред расформирањето на Парламентот, навистина не дава јасна слика што се тоа редовни избори, вонредни избори, ги доведува до вчудоневидување граѓаните на Република Македонија. Одтука, произлегува потребата на овие втори состаноци помеѓу позицијата и опозицијата, сите политички парламентарни партии, потребите од договори со коалиционите партнери во позиција и опозиција, да се определи еден датум што, ако се определи фиксно, треба да биде такставни наброен во членот 14. Да се каже дека изборите ќе се одржат на 10 септември 2006 година. И, од тука натаму тоа важи во Изобрниот законик на Република Македонија.

Сметам дека ова ретко кој го допре во дискусиите и размислите, но пак ќе кажам, има позитивен пример од Законот за избори на локално ниво, каде што така ги определуваме изборите за избор на градоначалник.

Во Делот 3, тоа е римско три од овој закон, како Предлог за донесување на Изборен законик, тоа се органи за спореведување на изборите. Најнапред, нормално, под 1, тоа е ДИК. Во врска со тоа ќе се навратам на неколку случаи во минантото, затоа што не можеме да одиме напред ако не се навратиме во минатото.

Во тој дел да кажам дека клучно е да разбереме сите дека во еден плурален политички систем од позицијата, партиите на власта ги определуваат условите за демократски избори, се одговорни за изборите и начинот на кој што ќе бидат спроведени изборите. Но, опозицијата е задолжена, во секој парламент, бидејќи е малцинска, да ја брани демократијата. Да ја брани демократијата од власта. Секоја опозиција. Утре ,тоа што е власт ќе биде опозиција, денеска што е опозиција ќе биде на власт или обратно или ќе биде два мандати, меѓутоа третиот и четвртиот ќе се смени.

Упатно би било во Македонија да завладее тоа правило дека опозицијата треба да го даде претседателот на ДИК, во согласност со претставниците на позицијата. Во Македонија, долго време владееше една психоза дека само црната хроника, дека само црната вест е добра вест. Дека во Македонија нема добри луѓе, нема експерти, секогаш се потребни експерти од страна, ние немаме квалитетни луѓе и потребно е секогаш да со сомневање, со недоверба се однесуваме кон личностите предложени од сите политички партии, а конкретно, јас сега се залагам и наше мислење како Земјоделска народна партија е претседателот на ДИК да биде предложен од страна на опозицијата. Но, со согласност на позицијата. Тоа оди етапно. Опозицијата предлага една личност, се договара со позицијата, се држи тоа во одреден, би рекол, тајминг во тајност, ако се постигне согласност, тоа се определува, се анимира јавноста за таа личност, се градат позитивни, би рекол се добиваат позитивни поени за политиката во Република Македонија и таа личност која претставува, има свое реноме, има свој рејтинг и помеѓу граѓаните станува предлог за државната изборна комисија, па веќе првиот чекор за фер и демократски избори е направен. Потоа нема потреба некој да се жали дека изборите, претседателот на ДИК ги насочува вака или така, затоа што тоа ќе биде донесено со консензус на сите кои се во Парламентот или со конезензус на најголемите политички субјекти кои, на крајот, ја диктираат политичката волја на избирачите на граѓаните на Република Македонија.

Одтука, сметам дека тоа решение опозицијата да го предлага претседателот на ДИК е многу добро, многу лукративно, податливо и тогаш граѓаните, и самата позиција, па и меѓународниот фактор ќе има поинаков пристап кон она што претставува почеток на фер и демократски избори во Република Македонија.

Во делот на составот на регионални изборни комисии, општински изборни комисии, една размисла што ќе базира на едно минато искуство. Сум бил учесник на изборите од 1990 година во разни форми, како шеф на штаб, директно како кандидат за пратеник 1994 година, шеф на штаб 1990, шеф на штаб 1998, кандидат за градоначалник 1996 на непосредни избори, шеф на штаб 2000-та година, изборен штаб и можам да ви кажам дека во годините 1990-1994 имамвме ушество на јавната државна администрација во организирањето на изборите. Во 1994 година се случи опозицијата, составена од две партии во тој момент, Демократска партија и ВМРО-ДПМНЕ да ги напушти изборите. Се доби една искривена слика на политичката боја на граѓаните на Република Македонија и со еден голем сомнеж што беше дури верификуван и од тогашниот претседател на ОН господинот Бутрос Бутрос Гали кој даде своја изјава, која изјава ја толкуваше Македонија на седницата на ООН.

Сметам дека во 1998 година и во 2002 година многу упатно за сите меѓународни набљудувачи, јас и на господинот, еден англиски нобл човек, господинот Џулијан Јејц му имам кажано, од 1996 година со него контактирам, дека Македонија во 1998 година, 2002 година кога судиите застанаа на чело на изборните комисии, имаше европски избори.

Јас не паметам ситуација во 1998 година и 2002 година во било кој дел од Македонија независно од кое население е населен рурални или урбани центри, не паметам средина населена со македонци, албанци, турци, власи, роми, срби каде сме имале поголеми инциденти и тоа може да се изрази во промили. Во 1998 година тогашната позиција СДСМ, Либерална партија, Социјалистичка партија отстапија место на тогашната Коалиција за промени, честитаа јавно и тоа беше мирно примопредавање на парламентарната власт со најголемо ниво на достоинство, со најголемо ниво на почитување на човековите права на граѓаните кои се определиле да го дадат својот глас за една политичка партија. Тоа се случи и 2002 година. Тогашната коалиција на власт ВМРО ДПМНЕ, Либерална партија и ДПА јавно со честитки ја упатија својата честитка до победничката коалиција СДСМ, ЛДП и ДУИ.

На таков начин едноставно ние докажавме во минатото дека не треба секогаш да трпиме негативности и кажеме ние сега ќе спроведувае руски избори. Партиите во Парламентот и партиите вон Парламентот на кои им верувам дека ние имаме конјунктура и квалитетни луѓе во партиите на својот грб да го изнесеме политичкиот процес и во 2006 година заедно со набљудувачите, заедно со органите на безбедноста на Република Македонија, заедно со Министерстовото за правда и владиниот апарат, заедно со државната и јавната администрација, меѓутоа, тука треба да кажеме дека имаме веќе оценка дека на парламентарни избори можеме да организираме добри избори и тоа треба да ни биде како еден вид бонус, тоа е Европската унија, ОДИХР мора да ни го признаат затоа што претставникот на ОДИХР е овде во Македонија од 1996 година, ги знае слабостите господинот Ејдс и предностите и на политичките партии и на изборните модели и може отворено со него да се дискутира, тоа е човек кој ја сака Македонија, кој ја почитува, кој ги цени политичките партии и сметам дека тоа ни е голем плус во организирањето на овие избори 2006 година. За тоа никој не говори, никој не го спомнува, ако нешто имаме во политиката стекнато во Македонија за овие 15 години го имаме стекнато тој атрибут на извонредни организирани избори 1998 и 2002 година и предавање на власта без никакви сериозни инциденти. Во промили беа изразени проблемите во било кој дел од Република Македонија. Тоа министерката за правда може да го користи како свој аргумент во наметнувањето на тезите, според мене, зошто треба судиите кои ќе бидат определени со ждрепка, кога ќе дојде судиите да ги предлагаат како што беше во 2002 година ги предлагаат двете најголеми опозициони партии СДСМ и ДУИ

во зависнот дали се судии припадници на Македонскиот народ или припадници на етничките заедници во Македонија и да ги предлагаат двете најголеми опозициони партии ВМРО ДПМНЕ и ДПА кои добиле најголем број гласови на последните избори. Тогаш веќе судијата добива некој вид на политичка не определба, туку политичка конотација. Можеби тој човек не припаѓа никаде, но едноставно на некој човек му е симпатичен и така човекот заглибува во сверите на политичката екитетација, екитетирање дека тој човек е припадник на една или друга политичка партија. Вака судиите треба да останат, според Земјоделстата народна партија, како претседатели на регионалните изборни комисии, на општинските изборни комисии затоа што тие даваат клетва, се колнат и пред Парламентот на Република Македонија, пред претседателот на Парламентот на Република Македонија, имаат најголемо стручно познавање на правото во тој дел на консеквенции кои треба во одредени постапки, во делот на жалбената постапка, во делот на сето она што претставува проследување на една процедура, а процедурата е демократија и сметам дека тоа позитивно искуство од 1998 и 2002 година ни дава за право да се определиме судиите да бидат учесници во изборниот процес, а не државната администрација која не го положи испитот 1990 и 1994 година.

Јас не велам дека таа државна администрација во овој момент не е подобрена, дека не е способна да го понесе товарот на своите плеќи овој изборен период, меѓутоа, да не експериментираме, да го почитуваме тоа што е добро, тоа што досега дало плод, тоа што функционирало и ја довело Македонија на прагот на она што ќе рече позитивна димензија на избирање на изборниот процес во Република Македонија.

Сега доаѓам на делот на избирачките делови. Мислам дека тоа е пресудно прашање. Сите инциденти во Република Македонија на сите досегашни парламентарни избори не се случувале во општинската изборна комисија, не се случувале во регионалната изборна комисија или во ДИК, со должен исклучок на една само расправија кај сегашниот уставен судија, тогашен претседател на ДИК госпоѓа Мирјана Лазарова Трајковска на кој сум бил свидетел само како сведок, меѓутоа, во секој случај непријатна работа.

Како и да е треба едно да се заклучи, сите инциденти настануваат на местото каде се избирачките одбори. Тука треба најмногу да се работи, најмногу да се соберат аргументи кој треба да биде претставник во избирачките одбори. Дали треба да биде само државната администрација или само јавната администрација или само политичките партии или треба да се направи еден микс од сите тие претставници на разни нивоа. Тука сум согласен дека во едно населено место од мојата тиквешија да речеме во Марена или во Глишиќ многу е јасно дека учителот во тоа основно училиште или селскиот доктор е почитувана личност и дека тој има влијание и дека кон него гласачкиот електорат ќе се однесува со почит и неговиот авторитет ќе помогне изборите да бидат организирани на праведно, ефикасно и достоинствено ниво. Но, исто така сум сигурен, тоа е мое убедување, дека доколку на тоа изборно место нема претставник од партиите, барем еден од партиите во позиција или опозиција, нека се тоа двете најголеми партии од последниот парламентарен изборен период СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, нека се тоа од албанскиот електорат ДПА и сега ПДП или ДУИ во одделни места. Го спомнав и ПДП затоа што знам од моето искуство дека добивало избори, важно е нивниот политички претставник да потпише дека е согласен дека таму се одвивале фер и демократски избори.

Од тие причини сметам дека треба да се направи еден микс избирачките одбори да бидат составени и од претставници на јавната администрација, но и по еден претставник од политичките партии, се разбира од партиите кои на последните избори во најголем дел ја изразуваат волјата на гласачкото тело во Република Македонија. Така е тоа во демократијата. Можеби јас како претставник на Земјоделската народна партија најубаво мислам, меѓутоа, ние сме мала партија и се разбира дека во тој дел не можеме да учествуваме во тие избирачки одбори, меѓутоа, поголемите партии треба да дадат свој претставник и на таков начин и ние ќе бидеме заштитени во тој дел и ќе веруваме дека легитимитетот на тие политички претставници ќе дава легитимитет на севкупната политичка фела во Република Македонија на сите политички партии кои ќе се согласат дека изборниот процес на тоа избирачко место на тој избирачки одбор се одвивал легитимно и како што граѓаните решиле дека треба да се одвива.

Тоа е во делот на III, тоа се органите за спроведување на изборите.

Во делот на IV- евиденција на избирачкото право, тука би сакал да укажам на проблемите кои се појавуваа во изминатите изборни периоди околу лицата кои не живеат во Република Македонија, се на привремен престој во странство и сметам дека избирачкиот список треба да биде поделен во два дела. На граѓани кои имаат перманентно живеалиште во Република Македонија и кои тука живеат и работат еден список и вториот список на граѓани кои живеат во странство и кои за време на гласањето кои се привремено вработени во странство, простете, а кои имаат живеалиште во Република Македонија и кои на денот на гласањето се враќаат и гласаат на денот на изборите. Таквите два избирачки списоци ќе спречат манипулации, повторување на гласање, гласање за оној кој не е тука, гласање со повеќе лични карти како што било во минатото, тоа се случувало во Македонија и затоа е потребно, според мене, и на двата списока да има графа со единствениот матичен број. Единствениот матичен број е одредница која не води цел живот

од раѓање до смрт, тој е еден и единствен не може да се менува, тој е единствен и во личните карти, пасошот, работничката книшка и секаде.

Оттука на ваков начин евидентирано избирачкото право и избирачките списоци ќе се сведе на минимум злоупотреба на избирачкото право. Тогаш ќе можеме уште во подготовка на изборниот закон да кажеме дека сме обезбедиле оптимални услови за спроведување на избирачкото право на граѓаните на Република Македонија. Тоа како мое лично искуство од поранешните изборни модели на кои сум учествувал.

Под глава VII би сакал да кажам нешто за спроведување на изборите и за вакумот на сила кој постои во Република Македонија во оној дел каде органите за безбедност нашето Министерство за внатрешни работи се оддалечени 100 метри од гласачката кутија. Мислам дека тука постои вакум на сила. Таму каде има вакум на сила има вакум на насилие односно се пополнува со насилие.

Ние мора да веруваме позитивното искуство на последните избори и повторените избори во Шутка за локални избори за градоначалник покажаа дека Министерство за внатрешни работи мора да биде вклучено во овие пресудни избори за Република Македонија кои се тест за нашата подготвеност да одиме кон Европа. Но, и Министерство за внатрешни работи се реформира, мора да му веруваме и сметам дека присуството на Министерство за внатрешни работи барем во близина не на самото гласачко место, униформата секогаш ги тера луѓето на чудни размислувања, меѓутоа, во коридорите на месната заедница, во училиштата, ќе ги одврати дури од помисла, а не и од акција носителите на насилието кои сакаат да злоупотребат, да скршат, да предизвикаат инцидент, да предизвикаат било какви немили сцени особено во оние невралгични точки кои господинот Ејдс ги спомна во неговиот извештај. Тука сметам дека Министерство за внатрешни работи задолжително треба да биде присутно, затоа што тоа е императив да ја надминиме таа темна страна на нашите избори која беше навестена во Извештајот на ОДИХР после локалните избори во март 2005 година.

Тоа е првата работа што сакам да ја кажам, значи мора да размислиме околу улогата на Министерство за внатрешни работи околу овие избори и второ, на одредени места во Република Македонија има некаде околку 3000 избирачки места, меѓутоа, на одредени места тие се 200 или 300 ние мора со меѓународните набљудувачи да им укажеме дека тие мора да бидат присутни во текот на сите 12 часа од 7 до 7 навечер за време на гласањето на изборите како и тој последен сомнеж и во избирачкиот одбор и во општинската изборна комисија и во Министерство за внатрешни работи и во сите оние кои се надлежни и компетентни да ги организираат изборите меѓународните набљудувачи да дадат своја оценка и легитимитет пред меѓународната заедница за праведноста на изборите за парламентот во состгав од 2006 до 2010 година. Сметам дека тоа е важно да се спомне затоа што јас еве како шеф на изборен штаб на два пати сум имал тешки проблеми во Кочани, не сме можеле да излеземе на крај ни со полиција, ни со било какви сили, ни со активност на политички партии, ни со судии, ни со интервенции, ни со обвинители, ништо не сме можеле да направиме во Кочани едноставно владеела неправда, говорам воопштено, во сите периоди во Кочани изборите се проблематични. Тоа на ОДИХР мора да му се каже дека таму е потребен посебен надзор, посебно внимание и јас како шеф на изборен штаб сум укажувал дека ние во Кочани без разлика дали опозиција или позиција бараме да се посвети посебно внимание и од Министерство за внатрешни работи и од меѓународните набљудувачи.

Во делот на медиумите особено во приватните кои имаат национална концесија. Морам веднаш да укажам дека е забележливо уште од сега пред почетокот на кампањата, а тоа Министерството за правда посебно треба да го следи затоа што тоа е задолжено во овој меѓу период во изборна година тие работи да ги следи и веднаш да реагира. Одредени медиуму кои имаат за цел нивните основачи или газди да формираат политички партии уште од сега ја почнуваат политичката кампања кршејќи го Законот за радио дифузија и афирмирајќи ги само оние ставови на политички партии кои припаѓаат на нивниот газда или одредени основачи на тие медиуми. Тука под итно треба да се свика Советот за радиодифузија по барање на Министерството за правда дали тој приватен медиум, не е битно како се вика, ги исполнува одредбите од Законот за радиодифузија и ако не е така да му се одземе националната лиценца. Тоа е прапочетокот на фер и демократски избори во Република Македонија. Тука мора Министерството за правда во тој дел да размислува во оваа меѓуфаза до вториот дел од законот на кој начин ќе се елиминира негативното влијание на медиумите во предкампањата во изборната година каде одредени политички партии ги нема во тие медиуми, не им се доаѓа на прес конференции, се елиминираат, тоа што е должност на радио дифузијата да обезбеди максимално еднаква позиција на сите политички партии тоа не се прави. Караванот си врви кучињата лаат, ние тука ќе дискутираме, но Министерството за правда има аргументи во раката на владина седница преку Советот за радиодифузија да побара тие медиуми да бидат казнети. Прво да бидат опоменати, да се разговара со нив, да им се укаже во кои елементи го кршат Законот за радиодифузија во делот на она што претставува кампања пред почетокот на изборите преку одредени медиуми и на таков начин тоа да се спречи во старт оти и тоа ОДИХР и ОБСЕ уште сега го евидентираат, верувајте. Уште сега забележуваат на начинот на кој се однесуваат медиумите во овој предизборен период.

На крајот во главата VIII имам уште една сугестија во овој период додека се премине во втора фаза - заштита на избирачкото право.

Јас ќе кажам еден пример од последните локални избори. Земјоделската народна партија настапи на изборите во Конче и на едно избирачко место во село Дедино нашиот набљудувач на изборите немаше право да биде учесник беше истеран од просторијата каде се гласаше. Ние вложивме приговор до Врховниот суд, но ни го одбија тој приговор под образложение дека во записникот не е вложена забелешка од страна на набљудувачот на ЗНП. Тој немаше шанса тоа да го направи затоа што беше истеран човекот од салата со не така демократски методи. Тука мора да се вгради механизам дека во случај кога е направена повреда подоцна политичката партија приговара и се констатира пред Врховен суд дека се направени материјални повреди на избирачкото право, тогаш не е битно дали во записникот стои дали се пожалил или не дека материјалното право е повредено, Врховниот суд тие приговори да ги разгледува и мериторно да цени во една постапка која е кратка од 48 часа, треба да биде продолжена, едноставно од Конче додека го направивме записникот, додека дојдовме во Скопје помина времето и Врховниот суд, нормално, не врати. И вон временски беше жалбата и тој не ја разгледуваше жалбата. Сметам дека упатно за многу краишта во Република Македонија кои треба со денови да чекаат записникот да се направи па да дојде до Скопје, па дали ќе се разгледува, упатно е независно од тоа како е срочен записникот заштитата на избирачкото право да тече по автоматизам пред Врховниот суд согласно приговорот кој мора да биде разгледан од Врховниот суд. Тој да оцени дали правото било повредено или не, но битно е, од искуство ви кажувам, важно е за праведноста на изборите. Јас сметам ако не беше така ние во Конче ќе победевме, но еве изгубивме, но тоа е субјективна проценка, битно е дека правдата укажува на тоа Врховниот суд да ја разгледува состојбата на заштита на избирачкото право по секој приговор поднесен од страна на политичка партија - учесник на изборите.

Ете, со овие забелешки сметав госпоѓо министер дека даваме конструктивни предлози и дека ќе ви помогнеме во втората фаза изборниот законик да биде поднесен во фаза во која ако бидат усвоени нашата политичка партија и претставниците во Парламентото ќе дадеме подршка на овој изборен закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓо министер. Така како што почна мојот колега Марјан Ѓорчев и јас сум активен сведок, поминав низ многу избори каде сум бил избран и сум избрал некој друг. Затоа, покрај другото, како моја партиска обврска и морална обврска на еден начин дефинитивно да дадам придонес за да имаме добар изборен законик но и да се подготвиме за добри, слободни и демократски избори. Најексплоатирана реченица од нас политичарите во овие години-фер и слободни демократски избори.

Затоа со една шега пред неколку дена со неколку раководители на партии и активисти ме прашаа, што има ново во врска со изборите? Им реков, дали знаете што има ново. Овој пат сите дојдоа до консензус, значи на ПДП да и се дозволи да краде во овие избори. И еден од тие ми вели: не, немој да прифатиш, бидејќи техниката на гласањето толку е унапредена што не знаеме тоа да го направиме, да го спроведеме. И кога сето ова за кое со насилство и со сила, значи тука сме слаби во однос на ова прашање. Ова го говорам, значи уште еднаш да ве потсетам дека политичката партија која е најоштетена во неколку изборни циклуси ние мислиме дека и покрај тоа, тоа е ПДП за самиот факт дека скапо го плати ДУИ со жртви некогаш изборниот процес. Кражбата на гласови се додека е софистицирана можеби и не беше многу озборувана во неколку изборни циклуси за кои ние и понатаму некогаш даваме оценки дека биле како што треба. Но, кога добија димензија на сила и насилство, на криминал, тогаш почнавме да расправаме малку повеќе и малку подлабоко, бидејќи на еден начин градуално сите ние заедно со гласачите почнавме да бидеме жртви на насилството на индиректен и директен начин. Затоа овој пат гледам индикации како да сме му пришле на овој проблем на посериозен начин, почнувајќи од Министерството кое со сите организирани расправи и со секрети и Владата каде е вклуена и опозицијата во една фаза и верувам дека ќе продолжи преку чувањето на опозицијата, но почитувајќи ги разните интервенции дефинитивно граѓанинот гласач да го спасиме од немилите настани. Кај нас постои кога гласот, кога одговорноста за една работа му се делегира на некој друг и овој начин на постапка сакавме да го направиме, воведеме и во самите избори. И во многу случаи ова е најлошото и најштетното нешто за еден изборен процес. Затоа има настојувања, значи со овој изборен законик во неколку сегменти со еден сериозен пристап, со едно размислување на експерти и со одговорност и политичка да се даде можност да се отстранат неколку слабости. Но, за жал и понатаму сакам да размислувам дека само изборниот законик колку и да биде прифатен консенсуален, нема да ни овозможи до крај и нема да ни даде можност да имаме сосема слободни и сосема добри и правични избори како што се бараат. Се прокламира една нула толеранција од меѓународниот фактор. И оваа нула толеранција за манипулации, кражби, за полнење на кутии, за насилство и тн. ние сега сериозно ја сфативме и треба сериозно да ја сфатиме бидејќи имаме епитет на држава со статус кандидат за Европска унија. Изгледа овде одговорноста веќе не е само на граѓанинот, туку се повеќе е одговорноста на Владата. Но, се разбира јас сакам да бидам до

крај искрен и реален во оваа насока, без одговорност во овој процес во оваа фаза и сите изборни фази каде не е и опозицијата, не е и лидер шипот, значи нема субјект во оваа држава кој може да каже дека нема одговорност за добриот тек на изборите. Изборниот законик кој се предлага прави една симплификација на позитивните изборни прописи што е многу позитивно. Значи немаме закон за претседател, за парламентарни избори, за локални избори и тн., туку овој изборен законик вака симплифициран, но се разбира во содржина дава можности дефинитивно со наше учество и овде во оваа расправа, бидејќи сме во прва фаза и на стручњаците и јавните расправи кои сигурно ќе се дозволат и ќе се одвиваат и понатаму до завршното донесување на овој изборен законик, значи постои можност да имаме добар изборен законик. И кога сме во овој изборен законик тука се опфаќаат сите облици и можности како треба со одредби да се уреди начинот на изборите, изборниот модел, кој треба да ги спроведува, како треба да се спроведат изборите, кој да го штити правото на граѓанинот за да гласа и да избира и кој ќе го штити и тој кој е кандидат за да се и и понатаму до завршното донесување на овој изборен законик, значи постои можност да имаме добар изборен законик. И кога сме во овој изборен законик тука се опфаќаат сите облици и можности како треба со одредби да се уреди начинот на изборите, изборниот модел, кој треба да ги спроведува, како треба да се спроведат изборите, кој да го штити правото на граѓанинот за да гласа и да избира и кој ќе го штити и тој кој е кандидат за да се избере. Ние како ПДП сме се определиле едно долго време да предложиме, значи овие избори да бидат модел со една изборна единица. Не само сега, туку многу пати сме го предложиле ова, но изгледа дека не се размислуваше колку што треба и можеби нашите аргументи и не беа колку што треба прифатливи од тие кои требаа да создадат едно мнозинство за еден предлог. Сега имаме малку позајакнати предлози за една изборна единица.

Првиот аргумент е дека во една држава интегрирана од политички и национален аспект и за други прашања би било многу интересно и позитивно пратеникот да се избере со гласови кои можат да бидат и од исток и од запад и од север и од југот на Македонија. На пример, ова немојте да го сфатите како демагогија. Јас ќе се радувам многу доколку добијам еден број на гласови и ако имам можност и ако не прејудицирам можеби неможам да бидам и кандидат, но тој што ќе биде кандидат да добие еден соодветен број на гласови и во градови, или места каде не живеат Албанци или не живеат Македонци и тн. и на другите етнички заедници.

Другиот аргумент е овој. Со оглед на фактот дека направивме децентрализација на власта и локалната власт има градоначалник и совет со надлежности, дополнителни надлежности, би било демоде да се каже дека пратеникот од таа и таа општина, или некоја друга општина, или на некој друг регион, бидејќи пратеникот треба да биде со епитет на еден народен пратеник, или пратеник кој ќе биде во тој дел на создавањето на политиката и на донесувањето и воведувањето на законите.

Органите за спроведување на избори ДИК иако во изборниот законик има неколку алтернативи, некаде треба да го именува претседателот и потпретседателот, некогаш претседателот го именува, а го избираат двотретинското мнозинство од пратениците, односно од Парламентот. Но тоа што ми остави впечаток во овие разговори кои премиерот ги имаше со неколку политички партии и до колку е вистина дека сега веќе има едно расположение претседателот на ДИК да биде од страна на опозицијата е еден гест кој и покрај тоа треба да се поздрави. И техниката како понатаму ќе се конституира Државната изборна комисија се разбира дека ќе биде една техника која ќе ја поддржат и прифатат се разбира сите тие кои се заинтересирани во оваа насока.

Регионалната изборна комисија, тука има неколку алтернативи, односно има предлози да се изберат судии од апелационите судови, Општинската изборна комисија, претседател и заменик да бидат судии од општинските судови само на министерот кои ќе работат понатаму од политички аспект. Како експерти во оваа насока е интересно дека јавните обвинители не се споменуваат во изборниот процес, а во суштина во изборниот процес судијата сега е принуден да дели правда додека обвинителот некогаш ќе ја има и овде можноста да ја штити државата од нерегуларни избори, или фалсификувани избори, или избори кои нема да бидат прифатливи.

Избирачките одбори овде според мене, ова го кажаа и претходните дискутанти, значи овде е клучниот и најзначајниот проблем. Ние знаеме дека имаме државна, регионална и општинска комисија по нивото на функцијата и одговорноста и по структурата, интелектуалната структура и во однос на нивото на одговорноста и институционалната одговорност донекаде, не донекаде, туку во многуте случаи мислам дека ќе ги принуди да бидат одговорни во должноста и функцијата што ќе ја имаат. Но, во новоизбирачките одбори во гласачките места каде се прави и спуштањето на тензиите било во вид на нервоза или порачани работи, или како во вид на платени, или поврзани со разни интереси, значи овде во овие избирачки одбори е проблемот. И тие се клучните за денот на гласањето да не биде ден Д, или ден во кој можат да се одржат избори без притисоци. Значи, во оваа насока треба многу да се размислува, иако таму се предвидува да се подготват, да се обучат стручно што подобро да ја извршуваат својата должност, да се изберат од државната администрација односно да се предложат од Управата. Но, и покрај тоа тие се клучните кои најлесно и најмногу се манипулирани од политичките партии. И во оваа манипулација што ни се случува? Ни се корумпира, ни се

компромитира уште во старт слободниот глас. И корумпираниот и компромитираниот глас го избира пратеникот во старт корумпиран и компромитиран. И тој пратеник понатаму кој може да биде парламентарец, или министер, може да биде на разни функции оваа корупција и овој компромис го следи и го воведува во институциите. И понатаму што ни се случува? Ни се случува мултипликација, значи на разните корупции на компромитација  што е една потешкотија за справување на оваа појава која многу често ја споменуваме, ни ја споменуваат и странците и ова ни е еден проблем. И верувајте ми ние сме во една состојба кога  ако сме луѓе кои имаме одговорност и делиме одговорност за самите себеси најнапред, го поставувам прашањето на самиот себеси, со вакви избори што сме ги имале во неколку циклуси дали сме легитимни, или не сме легитимни. И секогаш кога го поставувам ова прашање дали сум, или не сум легитимен и ссекогаш кога го поставувам како проблем на кого му одговарам, на една група која ги наполни кутиите, или одговарам на граѓаните кои ме изгласаа, тогаш сериозно се јавуваат проблеми кои треба да не принудат да размислуваме многу сериозно во наредните избори

Избирачките листи, или списоци треба да се земат да се ревидираат,  да се ослободат од разните дуплификации, да се увиди уште еднаш во однос на граѓаните кои се на привремена работа надвор од земјава, да се направи оваа работа на транспарентен начин и со информирање од разни форми. Сега информацијата веќе и не е проблем, дека техникта е доста совршена, финансирањето на политичките парти специјално  за изборите се разбира се отвора жиро сметка. Значи, тука да не се лажеме, паралелно следејќи ја таа легална жиро сметка на партијата, на политичката партија добро е малку повеќе да се поттикнат надлежните за да ги ловат црните фондови на политичките партии, на кандидатите на разни групи кои ќе играат една голема улога во тоа што значи парламентарни избори и други избори.

Изборните органи би било добро да имаат дополнителна работа да водат и дневници, значи да имаат извештај покрај записникот. Но, овде има уште еден проблем, посебно во  гласачките места во избирачките одбори би било добро да се овласти еден сегмент од полицијата, од внатрешни работи, значи тие од општинската комисија  да одат во гласачките места и да ги земат кутиите во кои е гласано.

Значи ќе имаат и беџ, ќе имаат и овластување колку за да образложат еден друг факт дека, еве да не се меша многу полицијата, да не се меша МВР во тоа што е изборен чин. Но, тоа не е изборен чин. Тоа е обезбедување на тие кутии во кои изборниот процес е завршен. Граѓанинот да се штити до крај и да се осигура за да излезе на избори, да го искористи правото за гласање. Потоа доаѓа делот на набљудувањето, делот на опсервирањето на самите избори.

Вистина е дека самата Влада ќе им се обрати меѓународните институции кои се надлежни и релевантни за да ги набљудуваат односно да ги опсервираат изборите. Овде ПДП овие денови јавно ретерира малку во поранешното барање, значи во Македонија да има изборен протекторат. Значи изборите да се организираат и да се одржат со активна улога на меѓународниот фактор. Зошто терерираме? Затоа што имаме разбирање, иако сме опозициска партија и сме заинтересирани и покрај тоа да и кажеме на Европската унија и на меѓународниот фактор дека Република Македонија како држава кандидат за Европската унија е способна со екстра ангажман и со добра волја да ги оствари односно да ги спроведе и организира изборите. Но во ова наше ретерирање инсистираме мониторингот овие избори да биде интензивен и во малку поголем број, бидејќи мислиме дека во неколку изборни единици или во неколку гласачки места треба набљудувачите да бидат нон-стоп присутни, значи од моментот кога почнува гласањето се до моментот на броењето на гласовите и затворањето на гласачките кутии.

Тоа што е новина, што се дискутираше, можеби и со еден амбасадор од надвор во една средба, но сега веќе почна да се говори во медиумите и тоа ние не го криеме дека сме го говореле заедно со тој амбасадор. Идејата е добра. Значи, да се најде прилика, начин и облик и форма во седиштето на партиите да има по еден меѓународен набљудувач. Значи за самиот факт на почитување во однос на меѓународниот фактор присутен овде и пиењето на кафе овде, шефот на политичките партии, можеби ќе остави помалку можности за тие кои се склон да дадат инструкции кои се квалификуваат со кражба, полнење на кутии и насилство на самите избори.

На гласачките места би било добро, бидејќи во еден дел на Изборниот законик се вели дека ќе се определат гласачките места од ДИК која во соработка со регионалните и општинските комисии, со неколку изборни единици или во неколку гласачки места, би било добро бројот на гласачите да не биде многу голем затоа што има места каде избирачите ја заборавиле рутината на изборите, гласајќи другиот за нив. Доколку ние гласачкото место го направивме со 1000, 1200, 1300 гласачи, се плашам дека и во редовните избори и не наоѓајќи ја целта да излезе на гласање, може да се создаде еден метеж кој нема да даде можности граѓаните да го искористат правото за гласање.

Санкции се предвидени и за органите кои ќе ги спроведуваат изборите и за тие кои ги нарушуваат изборите. Доколку видиме, според износот на парите кои треба да се платат, значи тие кои ќе направат прекршок, се соодветни износи. Но за тие порачаните, доколку во една група криминалци или во една група која има земено за должност да направи фалсификување и да ги наруши изборите,  да знаете дека тие овој проблем не го чувствуваат за да платат и тие овие износи ги плаќаат многу лесно. Затоа во

овие санкции треба да се предвидат и мерки во однос на одговорноста која влегува во тоа што значи кривична одговорност. Значи да се предвиди притвор, затворање, апсење што на еден начин ќе влијае уште порано за тие кои имаат намера да направат проблеми на самите избори, плаќајќи еден процент за изборот, кој го добиваат на разни начини од црните фондови. Додека пак во однос на тие кои се дел на изборните органи, на разни комисии, мислам дека тука полесно санкциите може да се спроведат и да се санкционираа со самиот факт што тука фактор е човекот поврзан директно со факторот институција. Тука постои можност да се разреши, ако доаѓа од Врховниот суд, може да се разреши од Врховниот суд ако ја злоупотреби функцијата таму каде што е определен за да организира избори. Другите комисии исто така. Дури и на администраторите може претходно да им се каже дека постои можност, доколку бидеш дел на манипулацијата на изборите, да бидеш отпуштен од работа или од должноста, како државен администратор.

Имам еден предлог за кој се сетив денес, тоа не сум го расправал ниту на партијата ниту на друго место. Со некои колеги претходно говоревме малку за едно прашање, да се размисли, тоа важи за госпоѓата министерка и за другите, се разбира. Имено, од неколку податоци на УНДП имаме еден број на граѓани кои воопшто не се заинтересирани да гласаат за некоја партија, или воопшто не се заинтересирани да учествуваат на изборите. Има неколку држави каде неизлегувањето на избори се санкционира. Овде можеби граѓаните може да ми замерат. Но, сега се предвидува да излезе граѓанинот и да гласа. Можеби на прв поглед кога ја слуша оваа реченица е тешко, но доколку размисли граѓанинот колку со неговиот глас ќе влијае за да избере свој претставни што понатаму шансата е пореална поради легитимноста, тој заедно со другите, се разбира, да создаде подобри можности за развојот на самата демократија и за изградбата на демократски институции и Македонија да ја направиме помодерна и подемократска држава. Еден ден ќе му се наруши мирот поради санкциите, но остануваат многу денови, месеци, години кога тој свој глас, така принуден да гласа, ќе го употреби и користи за неговото лично добро.

На самиот крај, за да не бидам патетичен ќе завршам вака:

Одговорноста за овие избори, за овој Законик и за сето тоа што не чека понатаму е врз сите нас, е дел на сите нас и во тој правец треба да работиме сите заедно бидејќи толеранција веќе нема и нема да ни опростат граѓаните, најнапред доколку овој тежок испит не го положиме и овој пат, бидејќи штетата која ќе следи по квалификациите и констатациите дека не можевме да организираме избори како што треба, добри и прифатливи, тогаш се разбира дека нашата одговорност ќе биде голема, со самиот факт што ќе значи ориентација на државата таму каде што сме пошле.

Ќе завршам со тоа што ќе кажам многу честитки кои сме ги добиле за Божиќ, за Нова Година и за Бајрам, покрај другото овој пат имаат и една карактеристика. И во тие честитки кои ги дадовме или ги добивме имаше некои делови на реченици, да одржиме добри избори, не велам фер и демократски, бидејќи реков, ова е многу експлоатирано.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рамадани.

Повелете господине Прешоски, имате збор.

**Коста Прешоски:** Почитуван претседателе, почитувана министерке, колеги пратеници.Мојата дискусија би се разликувала од дискусиите на претходните дискутанти.

Во нашиот правен систем постојат повеќе изборни закони за секој вид избори, да не ги набројувам и досега според правилата на игра утврдени во овие закони, се спроведени повеќе избори. Последните спроведени избори, се мисли на претседателските од 2004 година и локалните во 2005 година, беа набљудувани од неколку странски мисии, како ОБСЕ и слично и притоа истите после изборите излегоа со свои согледувања и препораки во однос на начинот на спроведувањето на изборите и нивната успешност, односно нивниот легитимитет.

Денес на оваа седница го имаме предлогот за донесување на Изборен законик со кој се прави напор, според мене доста умешно и успешно во правец на систематизација и кодификација на законската материја за избори и притоа вградувајќи ги препораките на гореспоменатите набљудувачи. Значи постои политичка волја да се вградат овие препораки во нашето изборно законодавство, а се со цел да се отстранат празнините и решенијата кои продуцираат нерегуларности во изборниот процес.

Овој изборен законик што е пред нас ќе биде основа за спроведување на сите видови избори во Република Македонија, а се со цел да се олесни и да се поедностави работата на сите учесници во изборниот процес. Потребно е да спроведеме демократски избори кои ќе бидат во согласност со заложбите на ОБСЕ и стандарди на Советот на Европа и другите меѓународни стандарди, особено сега кога го имаме добиено кандидатскиот статус. Тоа за нас мора да биде стратешки приоритет. За спроведување на такви избори, покрај тоа што е нужна политичка волја на сите учесници во изборниот процес, потребно е да се донесе прецизен и јасен изборен закон.

Во мојата понатамошна дискусија ќе се задржам на кратко на текстот на законот, со посебен осврт на некои од предложените новини кои за мене се прифатливи и кои треба да се соопштат во јавноста и ќе се обидам да дадам некои мои забелешки и сугестии, се во правец на подобрување на истиот. Новините на овој изборен законик кои треба да се истакнат се однесуваат на:

1. Дополнителни критериуми кога едно лице не може да биде предложено за член на изборните органи, член 17 кој вели: "За член на изборен орган не може да биде предложено лице осудено за казниво дело поврзано со изборите,лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето и лице кое нема добиено уверение за завршена обука". Во овој случај треба да се допрецизира кој ќе ја води ваквата евиденција, поврзана со точка 1 став 1 и 2 од овој член и кој ќе ги издава уверенијата за завршената обука.

2. Неспоивост на член на изборен орган со вршење на други јавни функции. Тоа е во членот 19.

3. Во составот на изборните органи застапеност на двата пола со најмалку 30%. Тоа е член 20 точка 1 кој вели: "Во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%".

4. Во работата на изборните комисии и избирачките одбори во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, во службена употреба е и јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на таа општина. Тоа е член 23 точка 3.

5. Предвидено е разрешување на членовите на изборните органи при незаконско работење. Тоа е член 28 точка 3 и член 36 точка 2.

6. Во однос на евиденцијата на избирачкото право во изводите на избирачкиот список новина е обележувањето со ѕвездичка на лицата кои се на привремена работа или престој во странство. Тоа е член 45 точка 2.

7. На изборното ливче во делот кој служи за гласање како и во делот кој останува на кочанот, покрај другото да стои и бројот на гласачкото место. Тоа е член 95, член 96 и член 97 точка 2.

8. Прецизирање на улогата на полицијата во обезбедувањето на објектот во кој е сместено гласачкото место и приодот до него, како и во делот на други изборни активности, член 103 и член 104.

Кога зборуваме за надлежностите на полицијата за време на изборниот процес, мислам дека по членот 104, постојната точка 3 "Избирачкиот одбор ќе го прекине гласањето ако објектот во кој е сместено гласачкото место не го обезбедува полиција, а за тоа имало потреба или ако таа е повикана и не се одзвала на повикот" Тоа е во спротивност со точка 3 на членот 103, "објектот во кој е сместено гласачкото место и приодот до него за време на спроведувањето на гласањето го обезбедува полиција". Од тие причини предлагам точка 3 од член 104 да гласи: "избирачкиот одбор ќе го прекине гласањето ако објектот во кој е сместено гласачкото место и приодот до него, за време на спроведување на гласањето не го обезбедува полиција".

Деветто, унифициран начин на постапување со неупотребените гласачки ливчиња. Тоа е член 114 алинеја 1 каде се вели: "се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и по пребројувањето прво се кине тесниот долен агол, а потоа се ставаат во посебен плик кој се затвора, запечатува и врз него се запишува бројот на избирачкото место и вкупниот број на неупотребените ливчиња".

Десетто, допрецизирање на одредбите за изгледот и содржината на записникот за гласање кој го сочинува избирачкиот одбор. Тоа е член 116.

Единаесетто, "воведување на обврска на избирачките места да се води дневник, во кој домашните овластени набљудувачи ќе можат да ги внесуваат евентруалните забелешки во врска со изборниот процес". Тоа е член 117, точка 7.

Во делот права и обврски на подносителите на листи и овластени набљудувачи за време на гласањето, предлагам точка 1 на членот 105 да гласи: "претставниците на подносителите на листите доколку имаат забелешки на работата на избирачкиот одбор за време на гласањето, можат да укажат на неправилностите со цел тие да бидат отстранети", сега тука да се додаде "и да бараат од претседателот на избирачкиот одбор тие да бидат писмено евидентирани во записникот за работа во избирачкиот одбор". Аналогно на овој предлог во член 105 точка 2, предлагам да гласи: "дадените забелешки писмено се евидентираат во записникот и само така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оцена во жалбената постапка". Ваквите измени ги предлагам од следната причина. Праксата покажала дека после сумирањето на резултатите од работата на избирачкиот одбор и кога наводно на некој од претставниците од подносителите на листите не им одговара резултатот од гласањето, а во текот на изборниот процес немале забелешки како истиот се одвивал, се впуштале во поднесување на приговори за наводни евентуални пропусти, што во секој случај придонесува за пролонгирање на текот на изборниот процес со поднесување на непотребни приговори. Ако претседателот на избирачкиот одбор не постапи согласно предложените одредби односно не дозволи на барање на подносителот на листи да се евидентираат забелешките во записникот, предлагам да се предвиди казнена одредба согласно одредбите на кривичниот закон. Со ова мислам дека се зајакнува и се нагласува улогата на претседателот на избирачкиот одбор.

Дебатата по овој изборен закон, главно, се води и ќе се води околу решенијата за начинот на именување за претседател на ДИК за составот и начинот за избор на членовите на ДИК, регионалните изборни комисии, општинските изборни комисии и на избирачките одбори. За нивната професонализација и прашањето дали судиите да останат во изборните органи или не.

За повеќето од решенијата се дадени алтернативи, а се со цел од расправата на седницата, јавната расправа да се дојде до најприфатливото решение.

Во мојата понатамошна дискусија ќе се задржам на третиот дел Органи за спроведување на изборите. Треба да се напомене дека во предлогот се задржува досегашната структура и тоа да не го набројувам. Со предложените решенија се прави обид изборните органи да се деполитизираат. Да кажам дека за мене прифатливо е и судиите да се членови на изборните органи и притоа за ДИК би биле од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија, а за регионалната изборна комисија од апелационите судови и за општинската изборна комисија судии од редовите на основните судови. Да бидам попрецизен за мене не е прифатлива алтернативата 1 Состав на ДИК и тоа е на страна 8 став 1. Независно од стручноста на дипломираните правници вработени во државната и јавната администрација, во делот на признавањето на правните прописи, сепак, доколку би се одлучило истите да ги водат изборите, според мене, тоа не би било добро решение. Искуството покажало дека досегашните носители на изборните органи односно судиите во сите досегашни избори, со нивното сеопфатно познавање и практицирање не само на изборната регулатива и постапка, туку и на настанатите закони кои што се поврзани со целокупниот изборен процес се најповикани и најкопетентни да се носители на изборниот процес.

Исто така, членовите на изборните органи од редот на судиите да се избираат со ждрепка, ја елиминира можноста од политичко влијание на политичките партии врз номинирањето и работата на судиите во изборниот процес. Ова уште повеќе и поради следното, знаеме дека истите не се членови на политички партии, уставно тие се независни и непристрасни во своето работење. Поради истото не се прифатливи и алтернативите на член 29 став 4 и член 33 став 3. Кога зборуваме за избирачките одбори, да кажам дека за мене прифатлива е во членот 37 алтернативата 2 на став 3. Цитирам: "претседателите на избирачките одбори и нивните заменици ги именува општинската изборна комисија по пат на ждрепка од редот на вработените во јавната администрација". Доколку сакаме да имаме фер и демократски избори, треба да се избегне партизацијата на избирачките одбори, бидејќи праксата покажува дека членовите на избирачките одбори предложени од политичките партии во најголем број случаи придонесуваат за нарушување на изборниот процес односно во законитотот и правилно работење на избирачкиот одбор.

Почитувани пратеници, мора да се констатира дека идеален изборен законик нема, дека разлики има, но и дека е потребно тие да се надминат и испеглаат во функција да добиеме други решенија и најпосле и добар закон, кој ќе биде основа за фер и демократски избори, кои ни се на сите повеќе од неопходни, особено оваа година.

Од тие причини ќе го поддржам предлогот за донесување на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Прешоски.

Повелете господине Голомеов имате збор.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе, госпоѓо министерке, почитувани пратеници,

Добро е да се остави простор за да можеме сите да се произнесеме, меѓутоа, не знам кога и за вакви добри предлог закони кои претставуваат одлична основа за донесување на квалитетен изборен законик, ние дискутираме повеќе од половина сат. Можеби со новиот предлог на Деловникот претседателот ќе се обиде тоа да го санкционира во вид можеби да се дава и некоја награда за говори, за изнесување тези, кои во суштина претставуваат само повторување. Се на се оваа година како Парламент ја почнуваме можеби со најзначајната задача која претстои пред Република Македонија и пред нас како членови на овој Парламент да го реформираме изборниот законик како обврска преземена и препораки на ОБСЕ и на ОДИХР, а врз основа на сето она што ни се случуваше за време на локалните избори. Бидејќи, на сите ни е повеќе од јасно дека овие избори кои треба да ги одржиме во 2006 година ќе бидат крунски репер или услов за тоа дали Република Македонија ќе продолжи по патот на евроинтеграциите односно дали ќе добиеме покана за преговори со Европската унија. Мислам дека можеби на овие избори прв приоритет на сите политички субјекти треба да биде фер и демократски избори, според сите нишани европски кои денес се пропишани во оваа сфера, а потоа интересот да се добијат овие избори, да се добијат што повеќе гласови. Секое дејание против регуларноста на изборите, сигурно дека ќе биде директна атака на стратешките интереси на Република Македонија. Тоа ни е повеќе од јасно на сите.

Затоа, мене ме радува што пред нас се наоѓа навистина една одлична основа Предлог на закон врз основа на кој со мали измени и доправки, навистина можеме да добиеме квалитетен изборен законик, во кој ќе бидат имплементирани сите изборни закони и Законот за локални избори, Законот за парламентарни избори, Законот за избор на претседател на Република Македонија и останатите закони кои се составен дел на избирачкиот процес, а тоа е Законот за избирачки места, Законот за изборни единици и Законот за избирачки список.

Работната група која беше формирана од страна на Владата сигурно дека завршила добра работа со афирмирање на компаративните предности и недостатоци на она што претставува искуство во соседните земји по развиените демократии во Република Македонија.

Исто така, треба да се поздрават напорите на премиерот да постигне што е можно поголема

согласност помеѓу релевантните политички субјекти во Република Македонија околу изборниот законик, што претставува прв предуслов да имаме фер, демократски и коректни избори. Тоа е за секое поздравување и тоа ја покажува намерата, желбата на Владата на Република Македонија да обезбеди услови навистина за фер и демократски избори.

Меѓутоа, со донесувањето на квалитетен изборен законик, кој ќе биде рамка за спроведување на изборите, која задача претстои пред нас како членови на Парламентот, потоа како членови на политичките партии претстои втората задача, која е исто така многу важна да ги спроведеме изборите, според овој кодекс кој што ќе го донесеме.

Знаеме дека политичките субјекти се учесници во изборите. Ние можеме да донесеме било каков закон, ако не постои желба кај политичките субјекти од позиција и од опозиција кај сите релевантни политички субјекти, навистина да спроведеме фер и демократски избори, тоа нема да се случи. Затоа, сметам дека и политичките партии треба да обрнат многу повеќе внимание во тековната година преку едукација на своето членство, на своите локални изборни штабови кои ќе ги формираат, се во насока на тоа дека прв и основен приоритет мора да ни биде спроведување на фер и демократски избори.

Ние како ЛДП и денес на Прес конференција искажавме одредени ставови наши кои се однесуваат во однос на изборниот законик. Пак овде ќе кажам, сигурно од ниедна дискусија не чув дека постојат суштински забелешки за предложеното решение. Најголемиот камен на сопнување или најголемите забелешки се како ќе ги организираме избирачките одбори, како ќе ги организираме органите кои треба да ги спроведат овие избори. Тука, за мене е неприфатливо изразување на таков антагонизам кон она што претставува државна и јавна администрација, недовербата во државната и во јавната администрација.

Од една страна сите се залагаме да изградиме професионална администрација која мора да ја имаме ако сакаме да бидеме правна држава, ако сакаме да бидеме држава по репер на европските развиени земји, а од друга страна покажуваме невидена недоверба кон таа државна администрација. Само да се потсетиме за колку кратко време беше одговорен Прашалникот? Тогаш, сите и честитавме на таа државна администрација, меѓутоа, сега кога станува збор дали да се оди со концепт, носител на изборите да биде државната администрација, бидејќи за тоа постојат многу аргументи и многу факти, искажуваме посебност од страна најголемата опозициона партија, искажуваме невидени резерви. А, таа државна администрација во континуитет, мислам донесовме многу закони, како што е Законот за државни службеници, со кој се обидовме и се обидуваме да ја заштитиме од било какво шиканирање. Се обидуваме да направиме правила на игра по кои државните службеници ќе имаат одредена сигурност за своето работно место и ќе можат најпрофесионално да ги извршуваат своите работни задачи. На крајот на краиштата таа државна администрација се градеше во време на повеќе влади со различна политичка провиниенција. Затоа, мислам дека ниту има време, ниту има простор за да покажуваме такви резерви кон државната и јавната администрација.

Бидејќи, според мене, а и според ЛДП која ја застапувам, сметаме дека внесувањето на судиите во избирачкиот процес не е најдобро решение. Ние скоро секоја година имаме избори. Сите избори траат со изборна кампања, со отпочнување на изборите по 2-3 месеци.

Од друга страна зборуваме дека судството ни е неефикасно, дека имаме проблем во изградувањето на едно ефикасно судство кое ќе биде основа за функционирање на правна држава. На овој начин фактички ние директно влијаеме врз ефикасноста на судството од една страна. Од друга страна со самото предлагање на судиите од страна на било кој политички фактор тие се етикетираат и едноставно добиваат предзнак за одредена политичка припадност што потоа ја влечат во текот на целата своја кариера. Но, очигледно е дека во овој момент нема доволно критична маса и мнение тоа да се стори судиите да се отргнат од изборниот процес. Сметаме дека во такви услови најдобро е, покрај овие неколку алтернативи кои значат избирање на претседател на ДИК, сепак, најдобро решение е јавен оглас со изборно 2/3 мнозинство во Парламентот. Меѓутоа, очигледно е дека под притисок на опозиционите партии се оди на решение тие да го предлагаат претседателот на ДИК, тој да се избира овде во Парламентот со 2/3 мнозинство. За мене е несватливо од една страна ВМРО-ДПМНЕ инсистира опозиционите партии да го предлагаат претседателот на ДИК, а од друга страна обвинува за одредена партизација на изборните органи односно се залага за департизација на изборните органи. Тоа едно со друго сигурно не оди и претставува чиста демагогија. Меѓутоа, тоа е што го имаме, покрај овие решенија претседателот да го наименува, претседателот на го предлага со избор во Парламентот, сепак, веројатно ќе превагне идејата опозицијата да го предлага претседателот на ДИК, што претставува одредена отстапка од страна на Владата и на владеачката коалиција, се со цел да се постигне одреден повисок степен на консензус односно на согласност, навистина да ги создадеме сите предуслови да имаме фер и демократски избори.

Она што за нас претставува исто, можеби и најголем проблем се избирачките одбори. Избирачките одбори се оние кои најнепосредно контактираат со граѓаните односно оние кои најнепосредно ги изведуваат изборите. И, тука се вршат и се прават најголемите манипулации, најголемите злоупотреби, најголемите нерегуларности од повеќе аспекти. Има многу аргументи во тој правец.

Затоа, сметаме дека најдобро е да се оттргнат политичките партии од избирачките одбори. Избирачките одбори се составени од државна и јавна администрација, бидејќи сега тоа од друга страна не е прифатливо за опозицијата, па можеби најдобро решение избирачките одбори да бидат составени од наставници, учители, работници во здравството, кои имаат одреден авторитет, одреден респект кај граѓаните. Мислам дека најдобро ќе ги спроведат изборите. Сепак, тие изборни органи треба да ги извршат технички работите, треба да обезбедат услови за фер, демократски избори, избори пред притисоци и избори без нерегуларности. А, тоа мислам дека најдобро ќе се стори ако во избирачките одбори не седат директно заинтересирани партиски војници. Ние знаеме дека најчесто во избирачките одбори се регрутираат лица кои до крај не се едуцирани, кои партиската припадност ја сваќаат многу значајно односно таа премногу им значи и резултатот кој што ќе се постигне на тоа избирачко место и секогаш одат со една единствена цел да се стори се нивниот политички субјект да помине подобро на тоа избирачко место. Така што, спремни се да се прават и различни конструкции, да се прават ситуации кои се на границата на регуларноста, се со цел потоа кога ќе се видат исходите од изборите да се поднесе приговор, да се огласат нерегуларни изборите односно да се остави простор, тие избори на тоа избирачко место да се поништат.

Тука стои аргументот дека политичките партии со повеќе вакви изборни циклуси, точно се знае на кое изборно место и каков ќе биде односот на силите. Према тоа, за секое изборно место се гради посебна стратегија на кој начин да се повторат изборите во случај да биде резултатот онаков каков што не ни се допаѓа. Така да, мислиме дека навистина избирачките одбори треба да бидат составени од лица кои нема да бидат најдиректно заинтересирани за исходот, туку од лица кои ќе имаат авторитет и кои ќе овозможат фер изјаснување на своите сограѓани. Додека политичките партии преку посматрачите ќе можат да имаат увид во избирачкиот процес и нормално дека ако има одредени нерегуларности на крајот ќе може да се даде приговор и со тоа да се брани партискиот интерес, односно интересот да се има фер изјаснување.

Сметам дека на тој начин можеме навистина, да создадеме предуслови да имаме добри избори да ги спроведеме изборите онака како сите посакуваме.

Во делот на финансирање на изборната кампања, сметам дека треба да се допрецизира, бидејќи и сега останува оние одредби дека 15 дена по гласач итн., меѓутоа, сите сме свесни дека ни од далеку тоа не се почитуваше во досегашните избори и мислам дека ако се создадат попрецизни правила на игра изборите ќе чинат и многу помалку, ќе бидат поефтини, тоа ќе биде во директна корист на граѓаните на Република Македонија.

Што се однесува до траењето на изборната кампања, каде што имаме повторно ставено алтернатива 25 или 30 дена, сметам дека 20 дена кампања е сосема доволна и е во духот на она што претставува економска можност на Република Македонија.

Во последно време се актуелизира прашањето Околу можниот трикаунтик да се спроведе на овие избори. Сигурно дека има аргументација тоа да се стори и да се внесе во изборниот законик, посебно кога имаме мнозински тип на избори, како што се изборите за претседател на Република Македонија, за градоначалници итн., меѓутоа, треба строго да се прецизира во кои услови кој може да побара трикауник пребројување повторно на гласовите, во кои услови тоа се прави, на кој начин тоа ќе се прави, така што да не се остави простор на импровизација и можности за одредена манипулација, што ќе значи оддолговлекување на изборниот процес и непотребно усложнување на истиот.

На крајот би сакал да истакнам дека навистина имаме добар предлог на изборен законик и дека со сите сугестии и со се она што ќе биде договорено помеѓу релевантните политички субјекти, можеме успешнода ја завршиме првата наша задача, а тоа е да донесеме добар изборен законик, кој ќе биде основа оваа година да имаме навистина избори по европски терк. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Има збор пратеникот Ќенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам почитуван господине потпретседателе, почитувана госпоѓо министер, ценети колеги и колешки пратеници.

Несомнено е дека изборното законодавство е едно од најзначајните елементи во процесот на конституирање на власта и политичкиот живот воопшто во современите демократски системи со претставничка демократија.

Притоа, еден од елементарните критериуми е почитувањето на изборните принципи и процедурата од што зависи дефакто, и легитимитетот на политичката елита што е на власт. И додека во земјите со напредната демократија изборните принципи и процедурата се почитуваат во најголема можна мера, кај нас не ретко се случуваат изборни нерегуларности, притисоци, па дури и примена на насилство на избирачките места. Впрочем, ваквите појави во поголема или помала мера се воочени во сите досегашни изборни циклуси, меѓутоа, истите добија на тежина во локалните избори 2005 година и стекнувањето на статусот земја кандидат за членка во Европска унија. Во коментарот на одговорот на Европската комисија за наше полноправно членство во Европска унија, меѓу другото започнувањето на преговорите за членство во Европска унија, најнепосредно се поврзува со организирање на регуларни, фер и демократски избори по највисоките Европска унија стандарди. Тоа со други зборови значи дека мораме да се помириме со фактот дека мора да

се почитуваат изборните правила и по цена да се изгубат изборите, или поточно преку строго почитување на изборните правила да се обезбеди целосен легитимитет на ново избраната власт. Ова дотолку повеќе што при парламентарните избори 1998 година и 2002 година покажавме дека и на овие простори можат да се организираат избори со минимум изборни нерегуларности и да се обезбеди мирен трансфер на власта. Тоа се случи и 1998 година и 2002 година. За жал, локалните избори покажаа дека сеуште не сме се одлепиле од балканското поимање на демократијата при Макијавелистичкиот принцип дека целта ги оправдува средствата, што беше и причина меѓународната заедница оценувајќи ги локалните избори во 2005 година, да излезе со низа предлози и сугестии за измени и дополнувања во изборното законодавство со цел да се обезбедат правни претпоставки за слободни демократски и регуларни избори.

Денеска почитувани колеги пратеници пред нас е првата верзија на изборниот законик, со кој е направен обид на едно место да се сублимираат досегашните законски решенија во оваа сфера, истите да се усогласат со Европска унија стандардите како и да се операционализираат препораките на ОБСЕ ОДХР, по констатираните нерегуларности на локалните избори 2005 година.

Иако лично сметам дека вака кодифицираниот изборен законик, со одредени корекции може да обезбеди јасни недвосмислени правила на игра, не сум баш убеден дека без корекции во понудениот изборен модел, можеме да обезбедиме сразмерно претставување на секој дел од гласачкото тело.

Впрочем, за потребата од сразмерно претставување на секој дел од гласачкото тело Англичанецот Мил, меѓу другото вели: "Ако демократијата би значела владеење на мнозинството, тоа владеење не би можело поинаку да се осигури, освен од допуштањето секој поединец подеднакво да вреди во општиот збир. Секое малцинство кое би било изоставено, било намерно, било по игра на машинеријата, би дало сила не на мнозинството, туку на било кое друго малцинство. Или со други зборови, во една вистинска демократија би бил претставен секој дел од народот, не несразмерно, туку сразмерно. Не постои Влада на еднаквост, како ни праведна Влада, без претставување на малцинствата".

15 годишното плурално искуство во Република Македонија дефинитивно ја наметна потребата од разрешување на Гордиевиот јазел, малцинство-мнозинство. Впрочем, ова не е само специфика и потреба само на Република Македонија, туку и многу од земјите на средноисточна Европа. Се разбира дека разрешувањето на оваа дилема во најголема можна мера зависи од изборниот модел. Генерално иако и двата досега класични изборни модела, мнозинскиот и пропорционалниот имаат свои предности, но и свои слабости, сепак не го решаваат во целост прашањето на сразмерното претставување на малцинските заедници.

Посебно е индикативен предлогот на ВМРО ДПМНЕ кој преферира мнозински модел во два изборни круга со образложение дека пропорционалниот изборен модел изгубил смисла, откако Уставниот суд со укинување на две алилнеи од Законот за избор на пратеници, овозможил пратениците кои биле избрани од одредена листа на пратеници во текот на својот мандат да момжат да ја променат политичката партија.

Второ, со овој модел избирачите знаат на која личност и го дале мандатот и од кого ќе бараат да ги штити нивните интереси.

Трето, со овој изборен модел се овозможува да се формира стабилна Влада.

Имајќи предвид дека мнозинскиот принцип овозможува мандатите да ги добие онаа политичка партија која во изборната единица добила мнозинство, а посебно кога се работи за релативно мнозинство, може да се случи една политичка партија да добие мнозинство и мандат во парламентот, иако нема мнозинство гласови во земјата. Тоа со други зборови доведува до таканаречена владеачка гарнитура, но не и до претставување на народот.

Од друга страна, таа е погубна за малцинските заедници кои поради дисперзираност низ целата територија без поголема концентарција во една изборна единица, која не би обезбедила мандат во Собранието на Република Македонија , таков би бил случајот и со помалите политички партии. Значи, сосема очигледно дека овој предлог поаѓа од претпоставката дека во моментот си има висок рејтинг, што би можел да биде погрешна проценка и исклучиво заради сопствена полза се преферира изборен модел кој би им овозможил со релативно мал број на гласови на ниво на земјата, да се освои мнозинството во Собранието на Република Македонија. Впрочем, ние во минатото ние имавме еден изборен циклус кога владеачката гарнитура со неполна една четвртина освоени гласови на гласачкото тело обезбеди двотретинско мнозинство во Собранието. При тоа, воопшто предлагачите не ги загрижува што ќе бидат загрозени правата на помалите политички партии и малцинските заедници, што е сушна спротивност на демократијата и мултиетничкиот карактер на македонското општество. Сигурно дека ова не може да се продаде како демократија. Впрочем, не случајно имајќи ги предвид овие слабости на мнозинскиот модел, многу од државите го напуштија и поминаа на така наречен пропорционален модел. Суштината на овој модел е да се овозможи на секоја партија, односно група која има свое место во политичкиот живот на земјата, сразмерно да бидат претставени во претставничкото тело. Доколку територијата на државата претставува една изборна единица, секој освоен глас би бил сразмерно валоризиран и на тој начин би се постигнал висок степен на сразмерна претставеност во претставничкото тело. Тука се разбира дека и начинот на поделбата на мандатите е важен во

обезбедување на правилна распределба на расположението на гласачкото тело. Се работи дека моделот што го разработил Дон врши пореална распределба на мандатите која е сразмерна на политичката сила на политичките партии кои учествуваат во изборите. И покрај тоа што тоа колегите од ВМРО ДПМНЕ го знаат, во алтернативното решение доколку не биде прифатен мнозинскиот изборен модел, преферираат при распределбата на мандатите да се примени формулата империјал, која не е реална распределба и ги фаворизира посилните политички групации, бидете сигурни дека и ваквите и нормално, на нив слични предлози не можат да бидат прифатени од страна на малцинските и помалите политички партии.

Суштината на демократијата е сразмерно претставување на секој дел од гласачкото тело, за што според Кис признавањето на посебните малцински права, гарантирањето на тие права во одредена смисла е критериум на демократијата, или уште попрецизно, таму каде што не се уважуваат правата на малцинствата да имаат свои претставници во Парламентот, таму и не може да има демократија. Ова се мислења на научниците.

Сметајќи дека ваквата грижа за малцинските заедници би требала да се нормира во изборното законодавство на Република Македонија, работната група на Министерството за правда, во има на малцинските заедници, членки на коалицијата За Македонија заедно, испративме допис со Предлог на малцинските заедници наброени во преамбулата на Уставот на Република Македонија, да им се обезбедат дополнителни 12 мандати во Собранието на Република Македонија по пропорционален принцип, при што, за нив, територијата на Република Македонија би била една изборна единица. За припадниците на побројните заедници би се задржал досегашниот пропорционален модел со шест изборни единици. Патем, сакам да истакнам дека би го поддржал предлогот на одредени политички партии кои преферираат пропорционален изборен модел каде територијата на Република Македонија би била една изборна единица, се разбира, доколку не биде прифатен нашиот предлог од дополнителни, односно загарантирани пратенички мандати.

По се изгледа дека ќе морам подетално да го елаборирам нашиот предлог, дотолку повеќе што предлогот предизвика најразлични реакции, не само на претставниците на одредени политички партии, туку и на дел од стручната јавност, поточно експертите по изборно законодавство, од кои најголемиот дел, по мое длабоко убедување се политички обоени и не навлегуваат во суштината на идеата мултиетничкиот карактер на македонското општество да се преслика и во структурата на највисокиот законодавен дом на земјата. Затоа ќе изкоментирам само дел од тие коментари.

Во својство на експерт по изборното законодавство, госпоѓата Наташа Габер во коментарот по предлогот, меѓу другото вели: "во Словенија која е слична по население со нас, но не и по етничката структура, што не случајно пропушта да го истакне, од 90 пратенички места има две резервирани за таканаречени историски малцинства, односно Унгарците и Италијанските. Сепак вели, другите етенички малцинства Србите и Хрватите се жалат дека се запоставени, притоа, незнам од кои причини не укажува на нивната процентуална застапеност во вкупното население. Во Хрватска, со 4, 4 милиони жители, вкупното население не е сллучајно дадено, во долниот парламентарен дом, пет места се резервирани за националните малцинства и тие припаѓаат на 12-от изборен регион. Овие пет места ги претставуваат етничките Срби, Италијанци, Унгарци и сите други. Сепак, критиката е дека Србите се по преставени и дека беа дестимулирани да се пријават како српски гласачи, бидејќи тие места биле и онака резервирани, па не гледале продуктивност во давањето на нивниот еден глас за овие малку места.

За волја на вистината член 15 од Законот за избор на застапници во Хрватскиот сабор вели: Цитарм:"став 1 Република Хрватска им гарантира на припадниците на националните малцинства во Република Хрватска остварување на правото на застапеност во Саборот. Став 2, е многу битен. Припадниците на националните малцинства имаат право да бираат осум застапника во Саборот, а не пет како што тврди госпоѓата, кои се бираат во посебна изборна единица, која ја чини подрачјето на Република Хрватска, а не во рамките на 12-от изборен регион, како што тврди експертот по изборно законодавство.

Понатаму, во коментарот меѓу другото се вели: " во предлогот поднесен од нашите партии од помалите етнички заедници не е јасно дали тие би се посветиле исклучиво на изборен натпревар во нивните етнички рамки, или би комбинирале повторно со коалиционен договор со поголемите партии за другите 120 пратенички места. Ваквата дилема по мене е без предметна, бидејќи и самата како експерт по изборно законодавствто знае дека во услови на загарантирани пратенички места, предизборните коалиции би биле беспредметни. Се разбира, дека никој не може да им го ускрати правото на поголемите политички партии во листите да вклучат и кандидати од малцинските заедници, доколку проценат дека тие би им донеле задоволителен број на гласови.

Понатаму, во коментарот вели дека ваквото решение може неповолно да влијае врз гласачкото однесување на потенцијалното избирачко тело на кое сметаат овие партии. Прашање е колку е пожелно нивното енклавирање по етнички рамки, особено имајќи предвид дека често токму оваа популација, овде се мисли на Турската, има тенденција на гласање по идеолошка, а не по етничка матрица, што

акцентира токму граѓанскиот елемент на македонското општество.

Треба да се распрашаме дали и зошто наместо да се развива и понатаму таквиот елемент, тој се ограничува. Интгересни констатации комбинирани со загриженоста за енклавирање на оваа заедница, која во најголем дел гласа по идеолошка, а не по етничка матрица. Место да се навлезе во генезата на ваквиот однос на оваа заедница и да биде загрижена зошто побројните заедници од кои во најголема мера зависи демократизацијата на севкупните односи во општеството гласаат по етничка, а не по идеолошка матрица, госпоѓата се плаши дека токму ваквикот модел ќе значи крај на божемниот граѓански концепт и крај под знак наводници на гласањето по идеолошка матрица. Намето да анализира зошто по бројните заедници ја преферираат етничката матрица ни нуди како колатерална штета малцинските заедници кои не поради повисоката политичка култура, туку поради одредени бенефити ја преферираат идеолошката матрица. Вакви бенефити, ќе признаете, несомнено, може да понудат побројните и помоќните политички.

И завршниот коментар е: Важна дилема е на кој начин да се обезбеди изборна компететивност и во рамките на самите овие партии во нивниот етникум. Во рамките на генералната партиско изборна понуда и побарувачка сметам дека вкупниот број на мандати треба да има одредена флексибилност, со цел да се измери успешноста на тие партии наспроти нивните гласачи. Ова се наведува со цел да не дојде до зацементирање на тие пратенички места од страна на индивидуи кои стануваат вечни пратеници, без разлика на тоа колку навистина се трудат да излезат во пресрет на потребите на сопствениот етникум.

На крајот, треба да се размисли и за самиот број на побарани пратенички места, бидејќи пописната статистика не би требало да биде компаративна величина врз база на која би се фиксирал бројот на мандатите. Според другите искуства, во ниедна друга држава етничкиот предзнак на пратениците не ја отсликува верно етничко статистичката состојба, што е случајот и со Република Македонија.

Симптоматично е зошто се поставува прашањето на компетитивност кога се знае дека сите од наведените малцински заедници имаат повеќе политички партии, најразлични здруженија со право на учество на избори вклучително и независни кандидати. Во еден ваков натпревар во рамките на еден етникум опасноста од таканаречени вечни пратеници е сведена на минимум, до толку повеќе што сопственото гласачко тело знае и те како да ги вреднува квалитетите на кандидатите за пратеничката функција. Напротив, коалицијата која гарантира сигурно пратеничко место крие поголема опасност за таканаречени вечни пратеници отколку компетицијата во сопствениот етникум. Впрочем, доколку е реална таа грижа за таканаречени вечни пратеници, познато е дека по пропорционалниот модел постои варијанта во која се вреднуваат индивидуалните квалитети на кандидатите на листата, со што прашањето на вечните пратеници елегантно би се затворило.

И најпосле, бројот на загарантираните пратенички мандати предложен од наша страна не е неменлива категорија и во тој дел ние покажавме спремност за разговор и договор, иако учеството во вкупната популација како критериум по ниеден основ не може да се избегне.

Ќе ми дозволите накратко да се осврнам уште на два-три коментари околу идејата за гарантирани пратенички мандати, а тоа е дека зад идејата се крие обидот за минирање на механизмот на гласање на Собранието по Бадинтеровиот принцип, дека се нарушува принципот на компетиција меѓу различните политички партии, што е основна одлика на демократијата, дека се стимулираат националните партии за сметка на граѓанските партии, а Македонија треба да се гради како граѓанско општество и дека ако сите заедници бидат просто приморувани да гласаат само за своите етнички партии, тогаш замислата да создадеме една заедничка нација од сите жители на Македонија паѓа во вода. Сакам да истакнам дека тезата за нарушување на Бадинтеровиот принцип на гласање е неодржлива од едноставна причина што 12 пратенички мандати за малцинските заедници во однос од најмалку 26 пратенички мандати на заедницата што е над 20% по ниедна варијанта не може да го загрози мнозинството на таа заедница. Впрочем, и во сегашниот парламентарен состав има 9 пратеници на малцинските заедници, така што нивното зголемување на 12 битно не го менува соодносот со пратениците од албанскиот политички корпус. Инаку, тезата дека со овој предлог се стимулираат националните наместо граѓанските партии практично е неодржлива поради фактот што кај нас најголемиот број политички партии се со доминантен етнички предзнак. Второ, тоа го овозможува Законот за политички партии и трето, дури и гласачкото тело не е етнички поларизирано, што мора да признаете. Меѓутоа, морам да признам дека во моето скромно политичко искуство прв пат слушам за замислата за создавање една заедничка нација од сите граѓани на Република Македонија. Еден таков обид со југословенската нација заврши со неколку крвави војни на овие простори. Неретки се и коментарите од типот дека не е сериозно пред секои избори да се менува изборниот модел. Се разбира дека ваквите ставови добиваат на тежина доколку се работи за коментари на експерти по изборно законодавство. Се плашам дека ваквите коментари на експертите се продукт на најразлични политички влијанија дотолку повеќе што и самите знаат дека не постои совршен изборен систем. Напротив, тој се наоѓа во постојано менување, проширување, надминување на поранешните принципи, создавање на нови, па дури некогаш и негирање на општо прифатените изборни принципи. Со други зборови, новите односи во општеството

бараат и нов изборен систем. Лично сметам дека тоа во овој момент се наметнува како императив и последица на новите односи по Рамковниот договор од Охрид и амандманите на Уставот на Република Македонија, со што се напуштија старите стереотипи и се отвори нова страница во односите меѓу етничките заедници. Ова прашање особено добива на тежина ако се има предвид дека вакви модели се веќе востановена пракса во поблиското и поширокото соседство. Тоа се примерите со Словенија, Хрватска, Косово, Црна Гора, Романија и други и во најмала рака значи чекор напред во заштита на правата на малцинските заедници. Така на пример, по препораките на Лунд во врска со ефектното учество на националните малцинства, меѓу другото, стои: "Ефективното учество на националните малцинства во јавниот живот претставува клучна компонента на секое мироЉубиво и демократско општество. Искуството од Европа и други места покажа дека со цел да се унапреди ваквото учество на владите им е често пати неопходно да утврдат, подвлекувам, посебни норми за националните малцинства". Во тој контекст, при уредувањето на односите на ниво на централната власт, меѓу другото, се препорачува следното:

Државите би требало да го обезбедат постоењето на можности за ефективно истакнување на мислењата на националните малцинства во централната влада, вклучувајќи го и утврдувањето на специјални аранжмани, подвлекувам специјални аранжмани, за таа цел доколку е тоа неопходно. Во зависност од околностите, ваквите аранжмани може да вклучуваат, цитирам: "Посебен клуч за застапеност на националните малцинства, на пример преку обезбедување на одреден број на места во еден или во двата дома на Парламентот или во собраниските комисии, како и други форми на гарантирано учество во законодавниот процес".

Се разбира дека се наброени и други аранжмани кои во интерес на времето овде нема да ги изнесам.

Со други зборово, искуството во Европа и пошироко ја истакна неопходноста од воведување на изборни механизми преку кои ќе се обезбеди учество на малцинствата во политичкиот живот или поточно изборниот систем би требало да биде уреден на начин кој ќе овозможи застапеност и влијателност на заедниците кои што се во малцинство.

Имајќи го предвид до сега изнесеното евидентно е дека не е спорна потребата од ваков пристап при дизајнирањето на изборниот закон. За жал, експертскиот тим при Министерството за правда ваквиот предлог на помалите етнички заедници не го окарактеризира како неопходност во актуелниот политички миг и не го вгради во изборниот законик ниту како алтернативно решение.

Прашањето и натаму останува отворено, дотолку повеќе што станува се појасно дека опстојувањето на Република Македонија како мултиетничка и мултиконфесионална заедница е можно доколку се овозможи ефективна имплементација на принципот на правичната застапеност на сите нивоа вклучително и во законодавната власт. Ова до толку повеќе што се погласни се барањата на помалите заедници да се обезбеди толку потребниот баланс на меѓуетничките релации. Обидот техника на гласање и неспремноста на Република Македонија во овој момент технички да биде на висина на задачата, да се наметне како причина за одбивање на предлогот дефинитивно не држи поради фактот што техниката во ништо не се разликува од техниката применета во поранешните изборни циклуси. Предлогот го почитува принципот "еден човек еден глас" поради фактот што припадник на било која од помалите заедници со право на глас гласа само еднаш и по сопствен избор, што значи дека не е обврзан да гласа за кандидатската листа на заедницата на која припаѓа.

Второ, предлогот го почитува принципот на тајноста на гласањето од причини што гласачкото ливче се уфрлува во иста гласачка линија како и припадниците на другите заедници, што значи не постои посебна гласачка кутија за помалите заедници со кои би се повредила тајноста на гласањето.

Трето, единствена разлика е што резултатите се утврдуваат на државно ниво, бидејќи за листите на партиите на помалите етнички заедници или листите на независните кандидати од истите заедници, територијата на Република Македонија претставува една изборна единица, а дистрибуцијата на мандатите би се вршела по Донтовиот модел. Мислам дека расправата по работните тела и оваа парламентарна дебата ќе ја утврдат целисходноста од прифаќањето на овој предлог.

Би сакал на кратко да се осврнам на едно прашање кое отвори сериозни расправи и на релации позиција-опозиција, а тоа е структурираноста на изборните органи од Државната изборна комисија до избирачките одбори. Не само сугестиите на ОБСЕ и ОДИХР туку и досегашните изборни циклуси покажаа дека доколку сакаме да имаме регуларни избори треба да се минимизираат политичките влијанија и да ги деполитизираме изборните органи во најголема можна мерка. Искуствата од сите досегашни избори покажаа дека и повеќекратните гласања и полнењето на кутиите и групните гласања како и низа други нерегуларности се случуваа со дозвола или во најмала рака во спрега со избирачките одбори, каде и најнепосредно се изведува изборниот процес.

Инсистирањето на одредени политички партии членовите на изборните органи да ги делегираат политичките партии во позиција и опозиција кои на претходните парламентарни избори освоиле најмногу гласови во најмала рака се изненадувачки дотолку поеќе што препораките на

ОБСЕ и ОДИХР се јасни, а досегашните искуства недвосмислено укажуваат на потенцираната улога на избирачките одбори и останатите изборни органи врз изборните нерегуларности. Од тука, нивната деполитизација е единствено можно решение. Коментарите дека и државната и јавната администрација се политизирани и дека нивното вклучување во изборниот процес ќе биде вовед во фалсификување на изборите не држат поради следните причини: фактот дека во приближно 3000 гласачки места ќе бидат ангажирани приближно 30 илјади луѓе во избирачките одбори и дека тоа претставува опасност 30 илјади луѓе да бидат во служба на актуелната власт е нелогично, поради тоа што е невозможно во услови на високи санкции, па дури и губење на работното место, припадник на јавната администрација да учествува во изборни нерегуларности уште повеќе во услови кога не знае кој ќе биде победникот на избори. Се поставува прашањето кој државен службеник би се осмелил во таква ситуација да учествува во изборните нерегуларности и да си го ризикува работното место. Од друга страна, тврдењето дека партиските членови од позицијата и опозицијата во изборните органи меѓусебно би го контролирале изборниот процес е депласирано поради тоа што досегашните искуства покажаа дека не ретко полнењето на кутиите се врши договорно меѓу членовите на избирачките одбори. Доколку сакаме регуларни избори, мораме како парти органите каде најнепосредно се одвива изборниот процес максимално да ги деполитизираме и да ги ослободиме од можните политички влијанија. Доколку се опстои на предлогот членовите на избирачките одбори да ги делегираат политичките партии, а истиот не биде прифатен од мнозинството, се плашам дека тој факт ќе им послужи како алиби дека актуелната власт се обидува да ги фалсификува изборите, што е тотално контрапродуктивна теза и против обидите да се обезбедат фер и демократски избори. Ова дотолку повеќе што на предлог на опозицијата се покажа спремност, доколку постојат индиции за нерегуларности на изборите, да се примени и институтот контролно пребројување или рикаунт, иако лично сметам дека рикаунтот како институт и кога, како, на чиј предлог и под кои околности ќе биде применет ќе треба добро да биде регулиран со подзаконски акти, доколку се разбира сакаме да биде применлив во пракса. Барем искуството од САД покажа дека и рикаунтот како систем не е лесно изводлив. Освен тоа, прифатениот предлог на опозицијата и ВМРО-ДПМНЕ да се прочистат избирачките списоци од комисија составена од партии на власт и опозиција и експерти од меѓународните организации, да се има посебен список за лицата кои се наоѓаат во странство, во избирачкиот список да има графа во која ќе се запишува единствениот матичен број на лицето кое гласало на гласачкото ливче пред да му се даде на гласачот да се удри печат од страна на избирачкиот одбор, како и прифатените забелешки околу жалбената постапка, недвосмислено укажува на спремноста на актуелното владеачко мнозинство да обезбеди солидни правни претпоставки за фер и демократски избори.

Во ваква атмосфера подгревање на атмосфера за можност од фалсификување на избори, во кои да верувам се помалку има сили или претставници кои би поверувале, всушност би било алиби доколку се изгубат изборите да се опфавда сопствениот неуспех. Ова дотолку повеќе што на средбата помеѓу членките на коалицијата "За Македонија заедно" и опозиционата колиција "За подобра Македонија" беше прифатен предлогот на опозицијата кандидатот за претседател на ДИК да го даде опозицијата со тоа што истиот да биде авторитетна личност, која не е член на ниедна политичка партија и не бил до сега делегиран на било која политичка функција. Оваа постапка е доказ повеќе за добрите намери на владеачката коалиција и нејзината спремност да организира избори по највисоките европски стандарди. Освен тоа, на средбата е констатирано дека има потреба претседателите на изборните органи и нивните заменици да се суди заради искуството и подготвеноста да се справат со изборните предизвици и истите да бидат избрани по пат на ждребка.

Меѓутоа, на прашањето на деполитизација на избирачките одбори сметам дека не смее да се направи отстапка не само поради фактот што се тоа предлози и сугестии на ОБСЕ и ОДИХР, туку и поради фактот што најголема одговорност во организирање на фер и демократски избори е на актуелната власт. Доколку е тоа така, ниакви притисоци ниту обвинувања за можни фалсификати не смеат да не свртат од замислата да организираме избори по највисоките стандарди и да ги санкционираме сите обиди да се загрози изборниот процес, независно од која страна доаѓаат и кон кого се наменети.Не смееме заради нечии теснопартиски интереси да го ризикуваме европскиот пат на Република Македонија зашто никој не им го дал тоа право.

Имајќи го досегашното изборно искуство не може да се избегне фактот дека и понатаму ќе има потреба од мониторинг на изборниот процес. Потполно се согласувам дека има потреба од нотирање на избирачките места каде во континуитет се случуваат изборни нерегуларности и таму по можност да се обезбеди 12-часовен мониторинг, па дури и ако треба присуство на полицијата во непосредна близина на просторијата во која се одвива гласањето. Од друга страна, поради фактот што во изборните нерегуларности во основа се случуваат во согласност или дури со директива на партиските изборни штабови, прифатлива е идејата на мониторинг и на партиските изборни штабови за да се превенираат можните злоупотреби и негативни влијанија врз изборниот процес.

На крајот, сметам дека политичката партија која ќе се обиде тоа да го направи, по мое длабоко убедување ќе биде политички мртва. Дури и да постои таква намера кај било која политичка

партија, тоа не смее да се дозволи, бидејќи влогот е голем. Влогот е Република Македонија, почитувани колеги. Јас верувам дека сите ќе бидеме во висина на задачата и ќе направиме се за да организираме избори достојни за почит. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хасипи.

Денешната расправа тука ја завршуваме.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот).